Вкупниот впечаток кој од вегетационен аспект го создава пределот е сиромашен пуст,обезшумен со доминантно земјоделско обележје. Пејсажите во пониските делови во Плачковица не се особено вредни поради еродираноста на површините и оголеноста.Пејсажот во повисоките делови на Плачковица се многу поинтересни а вегетациските , климатските ,вкупните амбиентални вредности го создаваат најатрактивниот излетничко-рекреативен простор во Општината.

Најинтересни и најважни пејсажи во градот се речните текови на Брегалница и Отиња.

**3. Анализи на постојната положба**

Уште на самиот почеток на задачата направена е инвентаризација на просторот односно согледани се сите карактеристикина истиот.

Во тој момент (ноември 1994 година) имаше 191 бесправно изградени објекти со различен квалитет и фаза на изграденост.Поголем број од објектите беа квалитетни со големи габарити.

Непосредно до просторот има добри комуникации од нас."Дузлак" и нас. "Блок 85/90", асфалтирани сообраќајници за да после нив жителите на предметниот простор пробијат свое сообраќајно решение према кое ги поставуваат и бесправно градат објектите.

Снабдувањето со вода го решаваат преку наврзување на постојна водоводна линија која стално нема дотур бидејќи просторот е повисок од кота 345 м.(над висина гарантирана кота за гравитачно снабдување со вода од филтер станицата).

Приклучок на канализација нема а овие потреби се решаваат со времени полски клозети.

Електрична енергија има на дел од просторот на како монофазна струја и неквалитетно напојување.

Карактеристиките на теренот се воглано јавни површини или благи падини, стрмен терен има многу малку.

Просторот има добра инсолација,вентилација и ги има сите карактеристики за една квалитетна станбена населба.

Земјиштето во поголем процент е приватно - лозје или нива, а има дел и општествено- шуми во поголем процент.

Просторот е агресивно заземан, дури е уништен и дел од шумите кои за Штипската клима многу значат, (влијаат на микро климата во градот).

На просторот е присутна голема нехигиена, отпадоците од секојдневното употребување се расфрлаат по просторот и сета таа нечистотија се спушта во постојното градско ткиво кое е пониско.

Јавни и општествени функции нема.

**4. Иден развиток**

Цел на овој ДУП е да се дефинира просторот како станбена населба да се задоволат потребите на сегашните корисници на просторот и да се заокружи просторот во целина.

Најголем процент на земјишниот опфат е под индивидуални станбени згради.

Бидејќи постојниот Основен урбанистички план на град Штип (ОУП) овој простор го резервирал за индивидуално становање за после 2005 година, одлучивме потребните јавни површини , услужни објекти и сето она што е потребно за да една станбена населба функционира, ги дефинираме преку досегашните сознања за потребите на жителите од една ваква населба, а не брз база на нормите од ОУП кој е прилично застарен и не се вклопува во комплетните трансформации кои се присутни последните некоклу години.

Од тие причини во оваа населба класичен трговски центар не предвидуваме туку во приземјето на петте колективни станбени згради со катна висина П+4 се предвидува деловен простор и тоа само за дејности кои не се бучни.

На означените локалитети за снабдување,услуга и трговија се предвидуваат објекти од траен карактер. На истите локалитети може да се лоцираат објекти во зависност од барањето на граѓаните, типски, монтажно демонтажни од лесен материјал во согласност со постојните нормативи и прописи со намена која ќе ја одреди Органот и истата ќе се третира како урбана опрема.

Класичен пазар како површина не предвидуваме од причини што овој вид на снабдување со намирници се регулира преку колонијални продавници или пилјари кои можат да се отварат во секоја индивидуална станбена зграда или објектите кои се третирани како урбана опремаа за потребите на услужните дејности.

Објекти од општествен интерес кои се составен дел на една станбена населба се детска градинка со капацитет од 180 деца, и основно училиште по сите нормативи за една станбена населба(со капацитет од 650 ученици корисна површина од 5200 м2 и дворно од 2 ха.).

Останатиот дел од просторот е ангажиран за индивидуално становање.

Бидејќи станува збор за простор нападнат со бесправно изградени објекти во самиот старт при концепирањето на планот а се заради пореална реализација на истиот моравме да ги земеме во обзир барем поквалитетните објекти .

Постојните објекти како ограничувачки фактор заради нивно економско вреднување влијае врз концепцијата на планот посебно во сообраќајното решение.

При инвентаризацијата беа констатирани 191 индивидуални станбени згради присутни на овој простор како бесправни објекти.

Бидејќи просторот на кој го работиме ДУП е продолжение на нас."Сењак", "Дузлак" и "Блок 85/90" направивме и дополна на ДУП на овие населби.

Во населба "Сењак"ДУП се зголемува со уште 23 урбанистички парцели за индивидуални станбени згради, во нас. "Дузлак" за 134 индивидуални станбени згради а во нас. "Блок 85/90 за 18 индивидуални станбени згради.

Во новата населба "Св.Недела" се дефинирани 261 урбанистичка парцела за индивидуална станбена изградба со спратна висина П+1 пет колективни станбени објекти и еден станбен низ со пет ламели.

Густината на населението изнесува околу 112,0 ж/ха сметано само со 6 члена на корисници на 1 индивидуална станбена зграда.

**4.3. Сообраќај**

Сообраќајното решение на овој план не представува ништо друго туку спојување на планското сообраќајно решение од нас. "Сењак", "Дузлак" и нас. "Блок 85/90".

Овие сообраќајници се задржани како нужни сообраќајни правци со постојните димензии.

Единствено сообраќајницата која води кон Манастирот "Св.Недела" и оние секундарните произлегуваат од овој план.

При дефинирање на сообраќајниците се одеше кон наједноставни и исти решенија. Од тие причини два доста квалитетни објекти изградени на просторот на "Пелтеково имање" не се вклопуваат во планот. Овие објекти треба да се срушат пред да започне реализацијата на населбата за да се обезбеди нормална комуникација од нас. "Св.Недела" со постојното градско ткиво.

Примарните сообраќајници во населбата се со димензии 2х3 м. коловоз и 2х2 м. тротоари, а секундарните со димензии 2х1,5 тротоари а коловоз 5 м.

Обиколните сообраќајници околу нас. "Св.Недела" се со димензии 2х3,5 м. на коловоз и 2х3 м. тротоари, 2х3м. зеленило.

**4.4. Зеленило**

Со ОУП се смета дека потребите од јавни зелени површини ќе се задоволат ако во Штип се обезбеди најмалку 25м2 јавно зеленило по жител.

Кртитериумите од 25 м2/ж е плански критериум за градови,а во Штип се предлага со цел да се влијае врз подобрување на микроклимата.

Со ОУП за зеленило во месни заедници усвоен е норматив 2м2/ж за изграден дел или дел кој ќе се гради со индивидуални станбени згради.

На просторот на кој работиме зеленилото го има во голема количина бидејќи има поголеми површини засадени со зимзелени дрвја а има и овоштарници.

**4.5. Спорт, рекреација и детски игралишта**

Просторот за рекреација и детски игралишта е во склоп на зелените површини.

**4.6. Отстранување на цврсти отпадоци**

Во градот отстранувањето на цврстите отпадоци е организирано.Оваа работа ја обавува работната организација "Фортуна". Отпадоците се транспортираат до градска депонија, западно од градот.

За евакуација на отпадоците не е обезбеден пристап на возило до секоја куќа од причина што има бесправно изградени објекти до кои не може да се дојде со колско-пешачка сообраќајница, туку само со пешачка.

За индивидуални објекти се предвидува складирање на ѓубрето во канти кои треба да ги исполнуваат санитарните услови . Истите да бидат поставени во самата парцела на најпристапно место.

Според нормативите една канта е доволна за две семејства.

**5. Комунална инфраструктура**

**5.1. Водовод**

Уште на почетокот од техничкото образложение е спомнато дека поголем процент од просторот е над гарантираната кота за снабдување со вода.

Ова значи дека водоснабдувањето мора да се решава со препумпавање за кое што ке се изготви потребен проект.

**5.2. Канализација**

Вероватно во овој случај ќе треба да се реконструира канализационата мрежа во соседните постојни населби за да ја прифатат канализацијата од нас. "Св.Недела"

**5.3. Електро и ПТТ инсталации**

Бидејќи станува збор за простор со голем број бесправно изградени објекти решавањето на електроенергетско напојување во моментот е слаб, а услови за решавање на истото постојат.

Снабдувањето на населбата со електрична енергија ќе биде кабловско за да се избегне хаосот од мрежи кои се јавуваат ако се води воздушно.

Има оставено простор за трафостаници со проект за електрично напојување ќе се реши оваа фаза.

ПТТ инсталации ќе се решат со проект нема никакви пречки за реализација на овој вид на инсталации.

**6. Систем на греење.**

Проблеми околу греењето на ниво на град не е решен заради тоа што е потребно да се направи посебна студија за систем и начин за затоплување на целиот град што ќе представува фаза за концепирање на основни решенија и во деталните планови.

На овој простор на поголем процент од индивидуално домување греењето ќе биде локално на цврсто или течно гориво, а на електрика со капацитет од една печка во една станбена единица-семејство.

## ОДРЕДБИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСЕЛБА "СВЕТА НЕДЕЛА"

ОДРЕДБИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

**Општи одредби**

Член 1

Од овие одредби се употребуваат основните принципи и техничко урбанистичките норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од Основниот урбанистички план ( со мали корекции) бидејќи истиот е застарен и конкретните решенија во деталниот план на нас. "Св.Недела".

Член 2

Основните принципи и техничко -урбанистичките норми содржани во овие одредби задолжителни се во реализацијата на овој детален урбанистички план.

Член 3

Одредбите ќе се применуваат во целото подрачје на опфатот на планот.

Член 4

Границите на опфатот на планот се фиксирани.

Член 5

Во принципите на опфатот на планот за временски период за кој планот се донесува одредено е користење на земјиштето.

Член 6

Составен дел на овие одредби се графичките прилози во Р=1:1000 како и текстуалниот дел во кој е анализирана секоја област наведена во планот.

Член 7

Одредбите за реализација и графичките прилози се работени согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ,определбите и одредбите за реализација од Основниот урбанистички план и важечките одлуки на СО Штип за регулирање на градбата.

**Домување**

Големина на парцелите

Член 8

ОУП ја предвидува следната големина на парцели:

- индивидуални куќи 300-400м2
- двојни куќи 250-300м2
- куќи во низ 140-200м2

Будејќи станува збор за простор нападнат со бесправно изградени објекти при ангажирање на просторот внимаваме да вклопиме поголем број од нив, посебно оние поквалитетните.

Големината на парцелите може да биде дури до 750 м2.

Член 9

При дефинирање на парцелацијата границите на парцелите не се према сопственоста од причина што такви индикации немаме, бидејќи поделбата на просторот е вршена со меѓусебен договор на корисниците на просторот.

Растојание на објектите и степен на изграденост на парцелите

Член 10

Растојанието меѓу објектите е решавано во согласност со важечките одлуки на СО Штип и законските норми и тоа:

- за два објекти од П+1 растојание меѓу истите треба да биде 6м.

- е постои ограничување на растојание за изградени објекти кои во планот остануваат по постојната димензија како и за новопредвидени ако истите од страната на соседот немаат светлосни отвори од купатила,кујни, скалишен простор и подруми.

Член 11

Степен на изграденост на парцелата е:

- за индивидуални самостојни објекти од 30-40%
- за двојни куќи од 20-40%
- за низови од 40-60%

Наведените степени на изграденост важат за оние постојни парцели кои имаат димензии према ОУП. Член 12

Сите парцели кои по квадратура се испод определбите од ОУП градбата во нив е предвидена према Одлуката на СО Штип за регулирање на градба при што не важи степенот на изграденост на ОУП.

Член 13

Растојанието од регулациона до градежна линија да е мин. 6 м. оптимално 8 м.

Член 14

Онаму каде бесправно изграден објект е вклопен, регулационата градежна линија е дефинирана.

**Останати услови**

Во случај кога еден приоден пат се затвора а се предвидува нов, стариот останува на користење до реализацијата на новиот.

Член 16

Оградата да биде усогласена со архитектурата на објектите и со Општинската одлука за начин на изградба на огради.

Оградата да биде дел од проектот за објектот.

**Услови за архитектонско обликување на станбените објекти**

Член 17

Не е дозволено отстапување од градежната и регулациона линија во однос на улицата дадена во планот.Утврдените габарити представуваат база за изградба на архитектонски проект.

Член 18

Архитектурата на новите индивидуални објекти да биде современа, динамична и функционална со полна слобода на проектантот во архитектонскиот израз со предвидени еркери, конзоли,балкони и сл.

Можна е примена на елементи од градска македонска куќа, осовремени и вклопени во новите решенија.

Член 19

За објектите во низ треба да се изготвуваат заеднички услови за изработка на проекти за да низот представува една архитектонска целина.

Член 20

Во смисол на предходниот член треба и партерот да биде обликован како една целина. Член 21

Котата на приземје на сите нови објекти во однос на улицата да биде мах. 1,5 м.

За објектите кои имаат во приземјето локал мах. +50см. Објектите кои имаат гаражи во нив може да имаат цокла и повеќе од 1,5 м. во зависност од техничките услови за природна рампа од објектот.

Член 22

За индивидуални објекти кои имаат калкан кој делумно се лепи со соседот не се дозволуваат никакви отвори на тој калкан. Исклучок прават оние објекти кои

имаат отвори на онаа страна на која целосно се предвидува лепење на нов објект, и истите треба да се отвараат на останатите страни.

Член 23

Колективните станбени згради со катност П+4 во првата висина да имаат деловни простории. Останатите висини да бидат со намена становање.

Сите поединости за овие објекти ќе бидат дадени во техничкиот дел од локацијата.

Технички услови за проектирање на станбени објекти.

Сите станбени објекти да бидат проектирани согласно нормативите и прописите на ваков вид објекти.

Да се применат сите постоечки прописи и останати закони и норми за градежно топлотна заштита и заштита на објектите од бука, противпочарна заштита, греење, проветрување,евакуација на ѓубре,засолнување.

**Засолнување**

Член 24

Сите бесправно изградени објекти кои се вклопуваат во планот а немаат шанси да изградат засолниште, треба да платат надоместок. Додека објектите кои сега ќе се градат да изградат семејни засолништа во се према Законската регулатива за изградба на овој вид на објекти .

Минимумот на едно засолниште е да обезбеди засолнување на најмалку три лица (три засолнишни места).

За колективното становање да се обезбеди и колективно засолнување со капацитет во зависност од станбениот квадрат на 45 м2 = едно засолнишно место и за деловни простории према Правилникот за Народна одбрана.

СИСТЕМ НА ГРЕЕЊЕ

Член 26

Греењето на ниво на град не е решено, на овој простор каде во поголем процент е застапено живеење во индивидуални станбени згради греењето ќе биде локално на цврсто и течно гориво а на електрика со капацитет од една печка во станбена единица - семејство.

Планирани општествени функции од интерес на жителите на овој простор

Во склоп на населбата предвидени се детска градинка со капацитет од 180 деца, осмогодишно училиште со капацитет од 650 ученици , корисна површина од 5200 м2 и дворно од 2 ха.

Снабдувањето и останатите услуги, фризер,бербер, шалтер од ПТТ, банка се сместени во деловните простори во склоп на колективните станбени згради.

Во трите локации со намена трговија,снабдување и услуги можат да се обавуваат исклучиво мирни дејности.

**Отстранување на цврсти отпадоци**

Отстранување на цврсти отпадоци е организирано преку ЈП "Фортуна"Штип.

Од индивидуалните станбени згради отпадоците се собираат во канти кои треба да ги исполнуваат санитарните услови и да бидат лоцирани на најповолно место во парцелата поради прознење.

Од колективните станбени згради и корисниците на деловните простории сметот ќе се собере во контејнери кои треба да ги исполнуваат санитарните услови и да бидат лоцирани на најповолно место во парцелата поради празнење.

јуни 1995 год. Дипл.арх. Л.Лазарова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ОПШТИНА ШТИП**

**Број: 18-7234/2 од 20.11.2023 год.**

**Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,**

**комунални работи и заштита на животна средина**

**ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ**: 528

**ДУП:** Измена и дополнување за дел од УЕ.33 дел од нас. "Св.Недела"

**УП за село**:_____

**УП вон нас.место:**_____

**Одлука бр:** 08-5368/1 од 19.06.2015

**Намена за градба:**

**Улица:**

**КО:** Штип-3 **КП:**

**ДЛ:** **М= 1:** 1000

**ИЗВОД ЗА УП.**

**СОДРЖИ:**

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

- Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
  - Легенда
  - Табела со нумерички показатели

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**

- Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот. , мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица
- **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

**Изготвил:** Соња Ѓеоргиевска

Sonja Gjeorgievska

Digitally signed by Sonja Gjeorgievska
DN: c=MK, o=OPShTINA ShTIP, 2.5.4.97=VATMK-4029005130584, ou=OPShTINA ShTIP:4029005130584, givenName=Sonja, serialNumber=CRT3652429, sn=Gjeorgievska, cn=Sonja Gjeorgievska
Date: 2023.11.21 09:31:32 +01'00'

**По овластување од Градоначалник**

**Раководител на сектор**

Лазар Хаџи-Николов

Lazar Hadji Nikolov

Digitally signed by Lazar Hadji Nikolov
Date: 2023.11.21 10:01:33 Z

граница на опфат

## Легенда на графички симболи

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Граница на плански опфат | 277.96 | Теренска кота |
| РЛ | Регулациона линија | л=73.0м | Подолжен наклон |
| ГП | Граница на градежна парцела | 33.1. | Број на ГП |
| ГЛ | Градежна линија | Р10.5 | Радиус на кривина |

## Легенда на намена на површини

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Собирна улица | | Подземни ТК кабли |
| | Сервисна улица | | Постоечка водоводна инсталација |
| | Пристапна улица | | Новопредвидена водоводна инсталација |
| | Тротоар | | Постоечка фекална канализација |
| Д3 | Спорт и рекреација | | Новопредвидена фекална канализација |
| А2 | Домување во станбени зградиа | | Елект. инсталација |
| А1 | Домување во станбени куќи | Е2 | Новопланирана трафостаница |

| Бр.ГП | Група на класа на намена | Основна класа на намена | Компатибилни класи на намена | Макс. компа | Висина на објект | Површина на парцела | Површина на градба | Бруто површина на градба | Проце. на изград. | паркирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33.1 | А | А2.домување во станбени згради | Б1-20%;Б2-30%;Б4-20% Б5-15% Д3-40% В3- 40%;В4-10; | 40% | П+4+Пк Н=16.50м | 2921 | 2081 | 12486 | 70% | согласно чл.61 од Прав за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12 |
| 33.2 | Д | Д3.спорт и рекреација | А4-20%;Б1-10%;Б2-30%; Б3-10%;Б4-10%;Б5-20%; Б6-30%;В3-20%;Д1-40% | 40% | П Н=3.5м | 637 | 637 | 637 | 100% | / |
| 33.3 | А | А1.домување во станбени куќи | Б1-30%;В1-30%;Д3-30%; Б5-5% | 30% | П+2+пк Н=10.2м | 204 | 89 | 356 | 44% | согласно чл.61 од Прав за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12 |
| 33.4 | А | А1.домување во станбени куќи | Б1-30%;В1-30%;Д3-30%; Б5-5% | 30% | П+2+пк Н=10.2м | 234 | 97 | 388 | 41% | согласно чл.61 од Прав за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12 |
| 33.5 | А | А2.домување во станбени згради | Б1-20%;Б2-30%;Б4-20%Б 5-15% Д3-40%В4-10; | 40% | П+2+пк Н=10.2м | 353 | 138 | 552 | 39% | согласно чл.61 од Прав за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12 |
| 33.6 | А | А1.домување во станбени куќи | Б1-30%;В1-30%;Д3-30%; Б5-5% | 30% | П+2+пк Н=10.2м | 206 | 94 | 376 | 44% | согласно чл.61 од Прав за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12 |
| 33.7 | А | А1.домување во станбени куќи | Б1-30%;В1-30%;Д3-30%; Б5-5% | 30% | П+2+пк Н=10.2м | 264 | 110 | 440 | 40% | согласно чл.61 од Прав за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12 |
| 33.8 | А | А1.домување во станбени куќи | Б1-30%;В1-30%;Д3-30%; Б5-5% | 30% | П+2+пк Н=10.2м | 244 | 115 | 460 | 46% | согласно чл.61 од Прав за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12 |
| 33.9 | А | А1.домување во станбени куќи | Б1-30%;В1-30%;Д3-30%; Б5-5% | 30% | П+2+пк Н=10.2м | 216 | 93 | 372 | 37% | согласно чл.61 од Прав за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12 |
| 33.10 | Е | Е2.комунална супраструктура | / | / | П Н=4.0м | 47 | 15 | 15 | 32% | / |
| 33.11 | А | А1.домување во станбени куќи | Б1-30%;В1-30%;Д3-30%; Б5-5% | 30% | П+2+пк Н=10.2м | 286 | 94 | 376 | 32% | согласно чл.61 од Прав за станд. и нормат. за урб.план. бр63/12 |
| | | | **Вкупно:** | / | / | 5728 | 2944 | 15045 | / | / |

## 1. Вид на планот и назив на подрачјето на планскиот опфат

Урбанистичката документација која е предмет на изработка се однесува на Детална урбанистичка документација. Предлог планот во основа ќе се работи согласно поновите и тековни законски прописи, правилници и нормативи т.е Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/12; 144/12,55/13, 163/13,42/14), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12;126/12;19/13;95/13,19/13,95/13,37/14), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ. бр. 78/2006,37/14)

Површината е наменета за домување. Поточно, станува збор за дел од УЕ33 дел од нас"Св.Недела" Општина Штип

Планскиот опфат којшто е предмет на разработка зафаќа вкупна површина од 0,84ха

## 2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од0.6ха.
Опфатот е дефиниран со следните граници:

-од север - осовина на Ул.˝Радански пат˝
-од исток - осовина на Ул.˝АСНОМ˝
-од југ - осовина на Ул.˝Број 1˝
-од југозапад - осовина на Ул.˝Број 1˝

**Геодетско одредување на плански опфат:**
Координати за плански опфат Површина 0.84ха

X=600874.24 Y=4623104.60
X=600896.45 Y=4623143.19
X=600945.74 Y=4623099.33
X=600988.14 Y=4623147.85
X=601002.89 Y=4623085.13
X=601007.62 Y=4623086.79
X=601014.20 Y=4623061.42
X=601008.59 Y=4623001.92
X=600989.61 Y=4623007.55
X=600970.20 Y=4623013.69
X=600917.48 Y=4623063.77

**дадените координати се информативни, точните координати ќе се добијат од надлежните институции*

## *3. Текстуални одредби од извод од план од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот опфат*

Генералниот урбанистички план на град Штип ги зацртува основните поставки за изработка и на овој ДУП.

Во границите на планскиот опфат предвиден со планот како Група на класа на намена е дефинирана Домување -А

***ИЗВОД ОД ТЕКСТУАЛНИОТ ДЕЛ ОД ГУП-от КОИ СЕ ОДНЕСУВА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ***

25. ОДРЕДБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП

**1. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Чл.1**

1. Со овие Одредби

- се определуваат условите и мерките за спроведување на замислите и ставовите на Генералниот урбанистички план (ГУП) на град Штип;

- се дообјаснуваат некои ставови за чие правилно сваќање и спроведување од текстуалниот и графичкиот дел на планот не можат да се добијат секогаш целосно јасни одговори;

- се укажува на надлежните органи за понатамошното донесување на акти низ кои ќе бидат поблиску и подетално согледани и регулирани поедини конкретни зафати во рамките на опфатот на урбаното подрачје на градот;

- се утврдуваат глобалните смерници за изработка на планска документација од понизок ред;

2. Овие одредби се применуваат во сите фази за разработка и реализација на ГУП и претставуваат негов составен дел.

**2. СТАНБЕНА ЗОНА И СТАНОВАЊЕ**

**Чл.2**

1. Основен а воедно и најдоминантен вид на градба во станбената зона се станбвените згради.
2. Во зависност од бројот на становите станбените згради може да бидат индивидуални и колективни.
3. Според преовладувачката намена станбените згради може да бидат: чисто станбани, станбено-деловни и деловно-станбени.

**Чл.3**

1. Во поглед на деловната намена во станбено-деловните и деловно-станбените згради првенствено доаѓаат предвид оние кои го сочинуваат таканаречениот комплементарен блок на намени на становање (дуќани, продавници, работилници, сервиси и др.), а потоа треба да се

предвидуваат деловни простори за обавување на дејности од сите други области, но не и оние кои се карактеристични:

- индустриски начин на производство;
- големи загадувања на воздухот, почвата и водата;
- еманација на непријатни мириси што може да се осеќаат во дворни места и објекти кај непосредните соседи;
- бучави кои во дворните места и објектите на соседите се слушаат со интензитет поголем од 60 децибели во повеќекратни перманентни периоди преку денот подолги од 5 минути.

**Чл.4**

Во станбената зона може да се предвидуваат и градат и објекти за нестанбена намена, а првенствено оние кои се комплементарни на домувањето (за основно школство, примарна здравствена заштита, институции за деца од предшколска возраст, спортско-рекреативни пунктови и сл.). Исклучени се предвидување и градби на објекти за намени искажани во чл.3 алинеа 1,2,3,4.

**Чл.5**

Во рамките на станбената зона возможна е градба на објекти со нестанбена намена од пошироко значење (реонско и градско) и тоа првенствено од областа на образованието, културата, трговијата, угостителството, управата, администрацијата и сл. Под услови што ќе произлегуваат од ДУП за соодветен простор што претставува дел од станбената зона.

**Чл.6**

1. Пренаменатa на постојните станбени објекти за нестанбена намена во рамките на станбената зона ќе биде дозволена во сите оние случаи што не ќе бидат во спротивност на чл.3 и чл.5 од овие одредби.

**Чл.7**

1. Нето густина на населеност во рамките на станбената зона на ниво на ГУП, при изработка на детални урбанистички планови претставува бруто густина на населеност во однос на вкупната земјишна површина за која се изработува детален план.

2. При изработка на детални урбанистички палнови за делови од станбена зона, зависно од системот за градба треба да се спазуваат просечните густини на населеност како и просечниот број станови и станбена површина на еден хектар, дадени во поглавјето за домување.

**Чл.8**

1.Кај станбените, станбено-деловните и деловно-станбените објекти кои имаат висина поголема од 16.00м сметајќи од влезот на зградата, задолжително треба да се предвиди лифт,

2. Условот од претходниот став се однесува на новопредвидените објкети.

**Чл.9**

1. Сите инвеститори на нови станбени, станбено-деловни, деловно-станбени и други нестанбени објекти се долчни во рамките на парцелите да обезбедуваат паркирни места за леки коли за свои потреби и потребата на деловните соработници. Во се према законските прописи.

2. Кај новопредвидените индивидуални станбени згради и кај реконструкциите мора да се предвиди едно паркирно место во објект и едно паркирно место во рамките на локацијата- дворот. Ако локациските услови не го обезбедуваат овој услов, гардот не презема обврска на таквите инвеститори да им обезбедува паркирни места надвор од нивната локација.

3. За новопредвидени колективни станбени згради мора да се спазува условот на еден стан да се обезбедува најмалку 1,2 парткинг места во рамките на локацијата односно земјиштето што припаѓа на зградата. Ако нема доволно расположиво слободно земјиште, овој услов ќе се исполнува со предвидување на паркирни места во рамките на габаритот на објектот.

**Чл.10**

1. Заради поквалитетна изработка на деталните урбанистички планови во рамките на станбената зона, територијалните опфати на поедини потцелини треба да се движат во рамките од 15-30ха со отстапување од + - 10%. Тоа е големина на една просечна теоретски согледана планерска единица наречена Месна заедница, во која според вообичаената густина на населението во зависност ос применетиот систем и висини на градба може да се сместат 2500-5000 жители.

2. Во рамките на теоретските согледувања во претходниот став е рационално да се предвидуваат простори и градат објекти за основните комплементарни функции на домувањето во кои влегуваат: основно училиште, претшколски институции, разни видови деловен и продажен простор за секојдсневни услуги, мали неизградени површини за детски, спортски игралишта, скверно зеленило и др.

**Чл.11**

1. Во централното градско подрачје и на други места во станбената зона, деталните урбанистички планови можат да се изработуваат и вон од наведените големини од претходните членови на овие одредби ако тоа се однесува на плоштади со околните објекти , нивно окружување, улици или делови од улици како посебни амбиентални целини, делови или цел комплекс на чаршијата, друѓи комплекси за кои ќе се оцени дека може и дека е потребно да се изработи посебен детален урбанистички план.

**Чл.12**

Во деталните урбанистички планови за делови од станбената зона и централното градско подрачје, со нивните одредби за спроведување, попрецизно ќе се обработат условите за реконструкција, доградби, надградби и адаптација на постојните објекти, како и лоцирање на нови.

**Чл.13**

1.При оценување дали со некоја новопредвидена градежна интервенција се врши битно нарушување на условите за живеење во постојните објекти се поаѓа од следните начелни права:

-право на сонце

-право на непречено владеење со имотот

2. Спред првото начело ниедена градежна интервенција во постојните изградени делови на станбената зона не смее да го намали времето на осончување на ниедна од фасадите на околните објекти во време на зимскиот солстиций во споредба со постојната состојаба, под претпоставка на фасадите на постојните објекти да имаат прозори.

3. Според второто начело треба да се спазува принципот секоја новопредвидена зграда треба да биде лоцирана на една парцелаи да има директен контакт со јавната сообртаќајна површина т.е. до максимална можна мера да се одбегнуваат службености во располагање со имотот.

4. Наведените ограничувања во став 2 на овој член не се однесуваат на постојните стекната односи ни на новопроектираните комплекси на неизградени површини. т.е. онаму каде нема постојни објекти па според тоа и непостојат услови за битно нарушување на условите на живеење. Во тие случаи се меродавни концепциите на урбанистичките решенија и диспозициите на објектите дадени во нив...

## *4. Планска програма која произлегува од програмата на нарачателот на планот и од резултатите на анализата на постојната состојба*

Анализата на постојната состојба со излегување на лице место и запознавње со состојбата, потоа определбите од ГУП за планиран развиток и програмата добиена од Единиците на локалната самоуправа при Советот на Општина Штип е база за создавање на урбаниот концепт и опфатот на планот.

***Усвоена Планска програма која произлегува од нарачателот на планот:***

*Врз основа на член 15а став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13; 163/13; 42/14) изработена е Планска програма за изработка на ДУП за дел од УЕ 22.*

*Оваа Планска програма се изработува по Програмата за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2014 година од 10.07.2014 год.со Бр.07-5029/1 под точка 1.1.15 која гласи: ,,Изработка на измена и дополна на ДУП за дел од УЕ 33 дел од нас.Св.Недела˝со опфат :*

*-од север - осовина на ул˝Радански пат˝*

*-од исток - осовина на ул.˝АСНОМ˝*

*-од југ - осовина на ул˝Број 1˝*

*-од југозапад-осовина на ул.˝Број 1˝*

*Во согласност со Програмата за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Штип се пристапува кон изработка на Планска Програма за Изработка на измена и дополна на ДУП за дел од УЕ 33 дел о днас.Св.Недела.*

*Планската програма се изработува по барање на нарачателот, во случајот Општина Штип, а врз база на согледувањата и извршените проценки за развојни плански можности кои не се предвидени со постојниот Детален урбанистички план.*

*Планската документација да се изработи за период од 5(пет) години согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13; 163/13; 42/14).*

## *1. ОПФАТ НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА*

*Опфатот е дефиниран со следните граници:*
*-од север - осовина на ул˝Радански пат˝*
*-од исток - осовина на ул.˝АСНОМ˝*
*-од југ - осовина на ул˝Број 1˝*
*-од југозапад-осовина на ул.˝Број 1˝*

*Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 0.84 ха*

## *2. ЦЕЛ НА ПЛАНОТ*

*Изработката на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ 33,дел од нас.Св.Недела, се јавува поради потребата за промена на намена на одредени градежни парцели предвидени со ДУП.Предвидениот здраствен објект-амбуланта и јавна бања изградени спрема важечкиот ДУП ,пренаменети се во мали комерцијални и деловни намени.На нивно место и на просторот предвиден за мултикултурен центар да се испланираат објекти со намена домување во станбени згради( А2) каде сите предходни намени на овој простор од важечкиот ДУП што е на сила ќе бидат сместени во приземје на новопланираните станбени згради како компатибилни класи на намена според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13; 37/14;);*

*Како дополнителен мотив за изработка на овој план е:*
*-створање услови за планирање на организирани простори на градба кои ќе бидат реализирани од страна на корисниците на земјиштето и максимално и порационално искористување на земјиштето со предвидување на поголема висина на градбите согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13; 37/14;);*

## *3. ПЛАНИРАНА КЛАСА НА НАМЕНА*

***Група на класа на намена** А -Домување*
***Основна класа на намена:** А1- Домување во станбени куќи*
***Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:***

- ***за А1 -** Б1(мали комерцијални и деловни намени) - 30%*
  *- Б5(хотелски комплекси) - 5%*
  *- В1(образование и наука) - 30%*
  *- Д3(спорт и рекреација) - 30%*

***Максимален дозволен% на учествона збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот:** 30%*

***Група на класа на намена** А -Домување*
***Основна класа на намена:** А2- Домување во станбени згради*
***Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:***

- ***за А2 -** Б1(мали комерцијални и деловни намени) - 20%*
  *- Б2 (големи трговски единици) - 30%*
  *- Б4 (деловни простори) - 20%*
  *- Б5 (хотелски комплекси) - 15%*
  *- В3(култура) - 40%*
  *- В4(државни институции)-10%*
  *- Д3(спорт и рекреација) - 40%*

***Максимален дозволен% на учествона збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот:** 40%*

***Група на класа на намена** Д -Зеленило и рекреација*
***Основна класа на намена:** Д3-Спорт и рекреација*
***Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:***

- ***за Д3 -** А4(времено сместување) - 20%*
  *- Б1(мали комерцијални и деловни намени) - 10%*
  *- Б2(големи трговски единици) - 30%*
  *- Б3(големи угостителски единици) - 10%*
  *- Б4(деловни простори) - 10%*
  *- Б5(хотелски комплекси) - 20%*
  *- Б6(градби за собири) - 30%*
  *- В3(култура) - 20%*
  *- Д1(парково зеленило) - 40%*

***Максимален дозволен% на учествона збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот:** 40%*

*Основа за изработка на Деталниот Урбанистички план ќе биде стратегијата за наменска употреба на земјиштето според ова Планска програма.*

*При планирањето на максималните површини за градба да се задоволи условот за потребниот број на паркинг места. Паркирањето ќе се одвива во градежната парцела и на јавни паркинзи. Истиот треба да е дефиниран со Основен проект согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко проектирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14,).*

*Планот треба да се изработи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник бр.51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11, 144/12, 55/13, 163/13,42/14), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко проектирање (Сл.Весник на Р.М бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 37/14, ) и Правилникот поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл.Весник бр.78/06,37/14).*

Со предложеното решение се овозможуваат услови за планирање на организирани простори за градба

Во зоната за градба и површината на парцелата е оформена со максимално почитување на парцелацијата на теренот и максималните висини за ваков вид на објекти.

Растојанијата помеѓу објектите се во согласност со чл.42 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12,126/12;19/13,95/13,37/14,). Со тоа се овозможени квалитетни микроклиматски услови (осончување и проветрување).

Планот предвидува урбанизација на просторот со почитување на сите законски определби и нормативи.

Во склоп на градежните парцели односно објектите се дозволува присуство на компатибилни класи на намена согласно со табела 2 од Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12,126/12, 19/13,95/13,37/14).

Во овој ДУП почитувани се основните начела во процесот на планирање и уредување на просторот, а тоа се:

- рамномерен просторен развој.
- рационално уредување и користење на просторот.
- Услови за хумано живеење и работа на граѓаните.
- надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет.
- Одржлив развој.
- Заштита и унапредување на животната средина и природата.
- Заштита на недвижното културно наследство.
- Заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии.
- Јавност во постапката за донесување и спроведување на плановите
- Усогласеност со европските нормативи и стандарди во планирањето и уредувањето на просторот.

# *5. Опис и образложение на планскиот концепт за просторниот развој и хармонизација на просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат*

## 5.1 Домување

Предметниот простор со површина од 0.84 ха е ангажиран со објекти претежно со основна класа на намена домување во станбени куќи. Во склоп на оваа зона се предвидуваат семејни куќи на парцели со различна големина во зависност од ситуацијата на лице место. Третманот на домувањето, покрај основната намена за домување, според потребите може да има и придружни содржини, како продажен простор во приземните делови и слични содржини компатибилни со домувањето, а поврзани со заедничките потреби на жителите на населбата. Намената на останатите парцели е Д3(спорт и рекреација) и А2(домување во станбени згради) со нивни компатибилни класи на намени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13; 37/14;);
Во парцела 33.1 е испланиран објект со намена домување во станбени згради( А2) каде сите предходни намени на овој простор од важечкиот ДУП што е на сила ќе бидат сместени во приземје на новопланираните станбени згради како компатибилни класи на намена според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13; 37/14;);
Во парцела 33.5 исто така е испланиран објект со намена домување во станбени згради (А2) односно галериски тип на објект со повеке станбени единици и посебен пристап од галеријата до секоја станбена единица.
На парцела 33.2 е испланиран простор за спорт и рекреација (Д3) со воите компатибилни класи на намени.
Останатите парцели се испланирани со намена домување во станбени куќи (А1) со своите компатибилни класи на намени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13; 37/14;)

## 5.2 План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12,126/12,19/13,95/13,37/14). Имено истата е дефинирана согласно поставената регулациона и линија на парцела.

Регулационата линија го разграничува градежното земјиште за општа употреба и парцелираното земјиште за поединечна употреба.

Градежната парцела е ограничена со регулаторни линии - регулациона линија и граница на парцела кои се плански одредби во урбанистичкиот план што ја одбележуваат промената на носителот на правото на градење.

Градежната линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите. Дозволените

пречекорувања се утврдуваат Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12, 126/12, 19/13,95/13,37/14). Градежната површина на градежната парцела е новопредвидена и на истата предвидена е нова градба.

### 5.3 Плански решенија за отстранувње на архитектонски бариери за движење на инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонски бариери при движење на инвалидизирани лица се предвидува, тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите потребно е да постави рампа за движење на инвидилизираните лица.

## *6. Опис и образложение на планското решение за изградба на наменската употреба, на градежното земјиште за општа употрба.*

### 6.1 Сообраќајно решение

Во рамките на опфатот е изработено сообраќајно решение за локалитетот и негов приклучок на мрежата на постојните патишта.

Врската односно сообраќајното решение до предметниот опфат е дефинирано со следните сообраќајници.

***Примарна сообраќајна мрежа:***

- ***Собирни улици***

Собирната **ул."АСНОМ"** е со вкупен сообраќаен профил од 15 м.( 1х7.0м -коловоз, 2х4м-тротоар). Подолжниот наколон на сообракајницата изнесува 5.0% .Од оваа соообраќајница не е овозможен пристап до ниедна парцела.

Собирната **ул."Радански пат"** е со вкупен сообраќаен профил од 15 м.( 1х7.0м -коловоз, 2х4м-тротоар). Подолжниот наклон на оваа собраќајница изнесува 3.3%.Од оваа соообраќајница не е овозможен пристап до ниедна парцела.

***Секундарна сообраќајна мрежа:***

- ***Сервисни улици***

Сервисната **ул."Број 1"** е со вкупен сообраќаен профил од 9.0 м.( 1х6.0м -коловоз, 2х1.5 -тротоар). Дел од парцелите опфатени во опфатот ќе пристапуваат од оваа собраќајница.Подолжниот наколон на сообракајницата се движи од 2.9% до 9.7%

- ***Пристапни улици***

Пристапна улица крак 1 на **ул."Број 1"** е со сообраќаен профил од 5.5 м.( 5.5м -коловоз).Дел од парцелите опфатени во опфатот ќе пристапуваат од оваа собраќајница.

## 6.2. Водоводна инсталација (планирана)

Постојните водоводни линии на ул.Радански пат и ул. АВНОЈ се реконструирани и истите се изведени од ПЕ црево со различни профили .

На пристапните улици кои треба да се градат треба да се предвидат водоводни линии со профил ПЕ црево ОД 90 мм 10 бара со приклучоци за секој објект и со улична хидрантска мреша на растојание од 80 м.

## 6.3. Канализациона инсталација (планирана)

Постоечката фекална канализација на ул.Радански пат и ул. АВНОЈ е делумно реконструирани и истите се изведени од КПЕ цевки со различни профили .

На новопредвидените пристапни улици треба да се изведе канализација со КПЕ цевки ОД 250 мм со контролни шахти и приклучоци за секој објект во овој плански опфат.

Овој дел од планскиот опфат има многу дивоградби кои се приклучени на диво на постоечката комунална инфраструктура и истите многу тешко се откриваат.

## 6.4. Планирана ел. енергетска инсталација, улично осветление и телефонска инсталација.

*Енергетска инфраструктура*

Со Измена и дополнување на дел од ДУП(во градски опфат) за дел од УЕ-33 - ОПШТИНА ШТИП, ОПФАТ : помеѓу улиците: ул."Радански пат", ул."АСНОМ" и ул.˝Број 1˝ , за истиот потребно е да се обезбеди напојување со електрична енергија.

Трендот на потрошувачката на електрична енергија продолжува, па затоа изградба на нова високонапонска мрежа со трансформаторски станици, нисконапонаска мрежа, улично осветлување и телефонски развод е неопходен.

Електричната високонапонска мрежа со трансформаторските станици, нисконапонска мрежа, улично осветлување и потребите од планирана едновремена снага за сите објекти се димензионирани според следните параметри:

За функцијата, едновремена електрична снага се пресметува спрема нето површина и следните карактеристики:

- за угостителство, туризам, услуги..... 0,14kW/$m^2$
- за домување и административно општествени функции .... 0,08kW/$m^2$
- за болници и поликлиники..... 0,08kW/$m^2$
- за ресторани и кујни..... 0,25kW/$m^2$
- за спортски објекти .... 0,07kW/$m^2$
- за индустриски објекти ..... 0,10kW/$m^2$
- за фарми ..... 0,05kW/$m^2$
- за магацини..... 0,04kW/$m^2$
- среден за вакви објекти како производство, дистрибуција, сервис ..... 0,065kW/$m^2$

*Анализа на снагите*

Вкупната површина на оваа парцела во изнесува 5.728 м$^2$, односно апроксимативната површина на градба изнесува 2.850 м$^2$,а вкупната бруто површина за градба изнесува 14764м$^2$ , процентот на површината која ја зафаќаат објектите, (спортски објекти и домување) е околу 40%.

*Pe$_1$ – вкупна(бруто) едновремена ел. снага за сите објекти*
*F'$_1$ – фактор на едновременост за објект*
*F'Ä$_1$ – фактор на едновременост за сите објекти*
*F'$_1$ = 0,60*

Едновремената електрична снага за објектите е:

*Pe$_{A1}$=15945m$^2$x0,08 kW/m$^2$= 1203 kW*
*Pe = Pe$_1$* F'$_1$ = 1203*0.60 = 721 kW*

На границите на овој плански опфат моментално не постои трафостаница која според предвидениот плански опфат ќе ги задоволува потребите од електрична енергија.

Врз база на урбанистичките показатели и специфичното оптеретување за односната урбана единица потребно е: да се изгради нова трафостаница TS 10/0,4 kV ,со капацитет од 630 kVA.

Ако трафостаницата се гради како слободностоечка потребно е да ги задоволи следните услови:

- да се обезбеди простор со димензии 6 x 7м.
- просторијата за сместување на TS 10/0,4kV, со своите димензии и распоред треба да послужат за сместување на трансформаторот и опремата.
- трансформаторската станица мора да има три одвоени одделенија и тоа: две одделенија за сместување на трансформаторот - работно и резервно(во случајот 630kVA) и одделение за сместување на разводот за висок и низок напон.
- пристапниот пат до ТС треба да биде со најмала широчина од 3,00м до најблиската сообраќајница.

Планираната трафостаница да се приклучи по принципот ,,влез - излез,, .Планираните 10kV електроенергетски водови да се водат подземно во ров со длабочина од 0,8м.
Сите слободни и сообраќајни површини да се опремат со инсталации за јавно осветление.
Инсталациите за јавно осветлување да се водат во ровови со длабочина од 0.8м и широчина во зависност од бројот на водовите.
На места каде се очекуваат поголеми механички напрегања на тлото водовите да се постават во кабловска канализација и заштитни цевки како и на премините под сообраќајниците.

Нисконапонскиот развод ќе се води кабловски, од потребата на објектот и теренот, а во согласност со условите дадени во енергетската согласност од ЕВН Македонија, Подружница Штип.

*Комуникациска инфраструктура*

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата на новите објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведување на нови ISDN линии, ADSL, мобилна телефонија ќе се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите.

Телефонската мрежа за поврзување на телефонските приклучници со телефонските централи ќе се врши во подземна телефонска канализација и надземна мрежа према потребите на теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонски сообраќај.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучници, од првостепено значење се намената на објектите. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према сегашните и идните потреби на корисниците.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучници, треба да биде извршено до најблиската автоматска телефонска централа, а во согласност со АД "Македонски Телекомуникации" - подружница Штип.

*Улично осветление*

Сообраќајниците во локалитетот во поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

За улично осветление ќе се користат живини светилки поставени на челични столбови према пропишаните прописи и светлотехнички барања за тој вид на сообраќајници. Распоредот на уличните столбови и нивните поврзувања ќе се одреди со горенаведениот главен проект.

*Комуникациска инфраструктура*

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата на новите објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведување на нови ИСДН линии, АДСЛ, мобилна телефонија ќе се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите.

Телефонската мрежа за поврзување на телефонските приклучници со телефонските централи ќе се врши во подземна телефонска канализација и надземна мрежа према потребите на теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонски сообраќај.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучници, од првостепено значење се намената на објектите. Димензионирањето на

телефонската мрежа треба да се изведе према сегашните и идните потреби на корисниците.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучници, треба да биде извршено до најблиската автоматска телефонска централа, а во согласност со АД "Македонски Телекомуникации" - подружница Штип.

## *7. Мерки за заштита*

### а). Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 0.84ха. Основни загадувачи на просторот преставуваат, постоењето на моторен сообраќај и предвидените содржини во зоната. Имајќи ја оваа состојба, во предвид може да се изврши поделба на три основни групи на загадување со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите.

- Аерозагадување и мерки за заштита.
Во рамките на планскиот опфат на ДУП се предвидува изградба на канализациона мрежа и тоа:

- фекална канализациона мрежа по тротоарите на улиците Ф350 .
- атмосферска канализациона мрежа во профилот на сообраќајниците Ф500

**Фекална канализациона мрежа**

Примарната фекална канализациона мрежа ќе биде изведена од цевки со минимален пречник од 350 мм и истите се дефинирани зависно од расположивите теренски услови (падови на улиците).

На канализаицоната мрежа ќе се изведат ревизиони и приклучни шахти и др. објекти потребни за функционирање на мрежата.

Фекалната канализациона мрежа ќе се приклучи на градската канализациона мрежа на град Штип.

**Атмосферска канализациона мрежа**

Количина на атмосферска отпадна вода

За меродавна количина за димензионирање на атмосферската канализација усвоен е интензитетот на дождот од 120 л/сек/ха кој се јавува секоја втора година во времетраење од 15 минути.

$Q_{атм} = F \times \psi \times q_и$

$Q_{атм} = 2.5 \times 0,5 \times 120 = 150,0$ л/сек

$F = 2.5$ ха припадна сливна површина

$\psi = 0,5$ коефициент на истекување

$q_и = 120$ л/сек/ха специфично истекување

Примарната атмосферска канализација ќе биде изведена од цевки со минимален пречник од 500 мм. На атмосферската канализација ќе бидат изведени ревизиони и приклучни шахти и др. објекти потребни за функционирање на мрежата.

- ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА И ПТТ ИНФРАСТРУКТУРА

**Електроенергетска мрежа и јавно осветлување**

Во границите на планираниот плански опфат со планскиот концепт се предвидени следните класи на намени:

**-Б комерциални и деловни намени**

- Б2 - големи трговски единици,

**-Е инфраструктура**

- Е1 - комунална инфраструктура, - сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и сл.
- Е2 - комунална супраструктура, - планирани трафостаници,

**Како компатибилни класи на намени Б2**, со максимална застапеност од 40%

- А2 - домување во станбени згради 20%
- А3 - групно домување 20%

Со планските решенија се планира дефинирање на основните класи на намени и компатибилните класи на намени на основната класа на намена во границите на дозволениот процент (%) на учество на единичната класа на намена во однос на основната класа на намена во планот.

Со планските решенија во делот на електро енергетската инфраструктура се предвидува:

Со реализација на овој план и со реализација на предвидените градби, како и во зависност од технолошкиот процес, потребите за снабдување со електрична енергија, ќе се решава со ново планирана трафостаница предводена во сопствена парцела, во кој ќе бидат сместени една или две трафо единици од по 630kVA.

Приклучок на новата трафостаница ќе биде од постојната дистрибутивната мрежа со помош на 20(10)kV електрокабли кои ќе бидат поставени во тротоар на сообраќајниците.

Дефинирањето на нисконапонската мрежа не е предмет на ова планска документација.

**Телефонска мрежа**

За сите објекти од урбаниот блок потребно да се обезбеди соодветна телефонска мрежа. Бројот на телефонските корисници зависен е од намената на површините, а во овој случај предвидено е да се обезбеди телефонски приклучок за секоја градежна парцела . Со тоа за корисникот, опфатен со овој план, ќе биде потребно да се изгради телефонска мрежа со 30 телефонски приклучоци.

Приклучок на новите корисници ќе биде од постојната примарна телефонска мрежа на град Штип, со подземни телефонски кабли, дел од посојната телефонска мрежа со подземен ТФ подземен бакарен кабел навлегува во градежната парцела и истата се дислоцира по собирните и сервисните улици.

## 7. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

### 7.1. Плански мерки за заштита на животната средина

Во границите на планскиот опфат како подрачје наменето за градење не постојат објекти од таков вид кои би влијаеле на загрозување на животната средина.

Во однос на реализацијата на системот на заштита на животната средина при планирањето треба да се почитува Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/05) и Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.весник на РМ бр.74/05).

Правото на граѓаните да им се овозможи чиста и здрава животна средина е должност на Општината, како и на сите правни и физички лица, во обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина.

При утврдување на потребата од спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина, врз основа на проект, земајќи ја во предвид чувствителноста на животната средина во географските подрачја за коишто постои веројатност дека ќе бидат засегнати со проектот, е должен да води сметка за: -постојна и планирана намена на градежнот земјиште.

- изобилството, квалитетот и регенеративниот капацитет на природните ресурси во подрачјето, и/или
- апсорпциски капацитет на животната средина.

Грижата за здрава и чиста животна средина е во функција на задоволување на потрбите за здрава животна средина, како и социјалните и економските потреби на сегашните генерации, без при тоа да се загрозат правата на идните генерации.

Заштита и унапредување на животната средина е **систем на мерки** и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание врз одделни области на животната средина.

Оцена на влијанието врз животната средина е процена на можните влијанија на одредени плански документи, проекти и планирани активности врз животната средина.

За поефикасно да се следи состојбата се врши Мониторинг на животната средина преку:

Систематско набљудување, испитување и оценување на загадувањето и состојбата и областите на животната средина.

Заради управување со податоците за состојбата на животната средина потребно е да се воспостави **Информативен систем** за животна средина. Тој има за цел да обезбеди база на релевантни податоци-сеопфатни, точни и јавно достапни податоци и информации за состојбата на природата, состојбата, квалитетот и за трендовите во сите медиуми и области на животната средина, како и предвидувања со употреба на техниките за моделирање.

Со законот за животна средина, се препорачува изготвување на **Регистар на** загадувачките материи и супстанции и нивните карактеристики.

Правните и физички лица се должни да доставуваат податоци за изготвување и одржувањето на регистарот.

**Катастарот за животната средина** ги вклучува во себе Катастарот на загадувачите на воздухот, водите и на почвата, Катастарот на создавачи на бучава, Катастарот на создавачите на отпад, Катастарот на заштитените подрачја и други катастари утврдени со посебни закони.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната организација на урбаниот опфат.

Со систем на планирање во рамките на заштитата на животната средина се насочува и усогласува реализирањето на економските, техничките, научните, образовните организациските и на другите мерки и активности, како и на мерките за спроведување на обврските, со цел да се заштити и унапреди животната средина и да се обезбеди одржлив развој.

Плански документи за заштита на животната средина кои се носат се Акциони планови. Постојат Национален акционен план за животна средина, Локални акциони планови.

**Локалните акциони планови** за животна средина, врз основа на оценатa за степенот на загаденост на животната средина во дадено подрачје, содржат среднорочни и долгорочни мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, од интерес и во надлежност на општината и тоа:

- Заштита на воздухот од загадување и за подобрување на квалитетот на воздухот;
- Снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;
- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалувања на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанции во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;
- Управување со отпад;
- Заштита од бучава и вибрации настанати како резултат на стопанските и други дејности и активности.
- Урбан развој и просторно планирање;
- Развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето;
- Зголемување на енергетската ефикасност;
- Развој на еколошко-културниот туризам и неговото влијание врз животната средина;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните богатства;
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина
- Последиците од економскиот развој врз животната средина и
- Надлежните субјекти за спроведување на одделните елементи на планот.

### 7.2. Културно наследство и природни реткости

На предметниот простор **не се регистрирани** постојни споменички целини и градби од недвижното културно историско наследство или природно наслество.

Согласно одредбата од член 65, став 1, од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр.2/04), инвеститорот е должен доколку наиде на остатоци од културно наследство да ги запре градежните активности и ја извести НУ Завод и Музеј Штип.

Врз основа на одредени критериуми и валоризација на просторот на подрачјето на планскиот опфат на предметниот ДУП, не се утврдени објекти или предели кои се сметаат за природни богатства и како такви треба да бидат ставени под посебен вид на заштита.

### 7.3. Мерки за заштита и спасување

Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со закон за Заштита и спасување (Сл. Весник на РМ36/04, 49/04 и 86/08).

Изработката на ДУП за дел од населба "Сењак 3" УЕ 35 Штип, во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување што се планираат за спроведување, се врши врз основа на **Проценката на загрозеноста** на опфатот на кој се однесува предметниот детален урбанистички план.

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и взаемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средствата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епи-фитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасувањето, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат **План за**

**заштита и спасување** од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи.

Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии и епифитотии и други несреќи.

Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување.

Планот го донесува Советот на Општината.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
- Во проектите за објекти и технолошко процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзините деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
- При изградба на објекти и инфраструктура.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително треба да се обезбеди:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмчки дејства;
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи;
- Обезбедување на противпожарни пречки;
- Изградба на објекти за заштита;
- Изградба на потребна инфраструктра.

Мерки за заштита и спасување се;

- Евакуација;
- Засолнување;
- Згрижување на настраданото и загрозено население;
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- Спасување од урнатини;
- Заштита и спасување од поплави;
- Заштита и спасување од пожари;
- Заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства
- Прва медицинска помош;
- Заштита и спасување на животни и растенија и производи од нивно потелко;
- Асанација на теренот;

Други мерки за заштита и спасување што би се појавиле за време и по природните непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи.

### 7.4. Мерки за заштита од пожар

Мерките за заштита од пожари се пропишани согласно Законот за заштита и спасување (Сл.Весник 36/04, 49/04 и 86/08) и Законот за пожарникарство (Сл.Весник 67/04)

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- Сообраќајна инфраструктура со нивелманско решение и со проектни елементи на улиците;
- Заштитни појаси помеѓу одделни класи на наменска употреба на земјиштето;
- Елементи на партерот, како потпорни ѕидови, огради, ормарчиња за електро, односно телекомуникациски инсталации, насади и други партерни елементи, како бариери за движење и интервенција на ПП-возилата;
- Надворешна хидрантска мрежа;
- Водење на друга инфраструктурна мрежа.
- Да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување

Во случај на пожар планираната улична мрежа со своите планирани елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат непречена интервенција на противпожарни возила.

Запазени се растојанијата на улиците до објектите, односно елементите на партерот, за непречена манипулација на ПП возилата.

Предвидена е надворешна хидрантска мрежа околу објектите, а нејзината поставка е во согласност со ПП норми и стандарди.

Водење на другата инфраструктура е во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија.

### 7.5. Мерки за заштита од воени разурнувања

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Р.Македонија.

Во случај на воени разурнувања планираната улична мрежа со своите планирани елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат:

- Брза и непречена евакуација на населението, жителите на населбата;
- Брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- Непречена интервенција во кругот на катастрофата;
- Штетите да се сведат на минимум;
- Брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од аспект на заштита од воени разурнувања.

Не се очекува затрупување на улиците со урнатини бидејќи градбите се доволно одалечени од улиците.

Можни се директни воени воздушни удари на инфраструктурната мрежа и нивно оштетување.

Другите елементи за заштита од воени разурнувања, да се утврдат со посебниот елаборат за заштита од воени разурнувања, како составен дел на Основниот проект, посебно за секој објект или комплекс од градби.

Се предвидува изградба на засолниште во рамките на секоја градежна парцела за свои потреби, при точно утврдени параметри и нормативни услови за димензионирање на засолништето, што ќе произлезат од идејниот проект за секој поединечен објект или комплекс од градби.

Потребните капацитети на објектите за заштита се определуваат во зависност од површината, видот и намената на инвестициониот објект. Минимум едно засолнишно место се определува на секои:

- 15м$^2$ површина за јавни објекти
- 20м$^2$ корисна површина за деловни, занаетчиски и угостителски објекти.
- 30м$^2$ корисна површина на школи, градинки и други објекти.
- 45м$^2$ корисна површина за станбени објекти и др.

### 7.6. Мерки за заштита од природни катастрофи

Земјотрес со поголем интензитет е можна природна катастрофа на овој локалитет. Се предвидува асеизмичка градба, како можна превенција. Во случај на можни разурнувања, планските мерки на уличната мрежа овозможуваат:

- Брза и непречена евакуација на населението, жителите на населбата;
- Брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- Непречена интервенција во кругот на катастрофата;
- Штетите да се сведат на минимум;
- Брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборате за асеизмичка градба во делот на статиката и динамичка анализа на објектите, како составен дел на Основниот проект.

### 7.6. Плански мерки за создавање услови за движење за хендикепирани лица.

Се предвидуваат следните плански мерки за создавање услови за непречено движење на инвалидизираните и хендикепирани лица

- јавните пешачки површини, улици, пристапите до објектите, мора да се планирани и изведени на начин, кој ќе им овозможи на лицата кои користат инвалидски помагала или колички и други помагала (звучни сигнали и светлосни сигнали и сл.)
- за совладување на помали висински разлики со инвалидска количка се изведуваат рампи. За рампи се сметаат цврста, израмнета, рапава површина која поврзува две различни висини со наклон 1:20 (5%) со минимална широчина на рампата од 1,30м, со заштитна ограда од 0,90м.
- сите жардињери за цвеќе, украсни огради и други елементи не смеат да го спречуваат или отежнуваат движењето на инвалидизираните лица по пешачките патеки-тротоари.

## 8. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ДИНАМИКА НА ФИНАНСИРАЊЕ

Процесот на урбанизација на просторот се одвива во општествено економски услови во кои иницијатива за обезбедување на нов простор за работа и домување претставува значајно место и насочувачка улога во

дефинирањето на перспективниот долгорочен развој. Во тој контекс, иницијативата и инвестициите за изградба на зона за комерцијална и деловно-станбена намена со висок стандард, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз непосредното окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти преку новопланираните содржини.

Фактори кои овозможуваат економска оправданост за изработка и понатамошна побрза реализација на планот се:

Конфигурацијата на теренот: терен во пад;

Градежното земјиште е не изградено, со делумно уредена инфраструктура, која би се само надградила за да се стават во функција новопланираните содржини;

Уличната мрежа - собирни улици (по ГУП за град Штип) што го дефинираат ДУП за дел од населба "Сењак 3" УЕ 35 Штип. Истите се граница на урбаниот опфат;

Инфраструктурата (водовод, канализација, атмосферска канализација, електрика како и телефонски инсталации) се делумно изведени.

Планскиот концепт предвидува урбанистичко планирање на просторот со основна цел:

- да обезбеди уредување на просторот со плански одредби кои ќе ја штитат и стимулираат квалитетната работна култура кај корисниците;
- сукцесивно зголемување на стекнатите права во однос на сопственоста на објектите и градежното земјиште;
- со плански одредби да ја зголеми вредноста на земјиштето инедвижнините.

Измена и дополнување на ДУП за дел од населба "Сењак 3" УЕ 35 Штип, со законска регулатива треба да предложи решенија кои ќе обезбедат поголем степен на искористеност на градежното земјиште, да се постигне висок степен во однос на површината, квалитетна градба со употреба на квалитетни и современи материјали со цел да се постигнат естетски вредности на објектите, а со тоа и на просторот.

Исто така ќе има и повратни ефекти од економски аспект, а тоа е нови вработувања, одреден приход од корисниците и сл.

## 9. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за површината на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план, односно изготвување на решение за локациски услови.

**граница на плански опфат**, планска одредба со која се уредува границата на градежното земјиште за ДУП за дел од населба "Сењак 3" УЕ 35 Штип, согласно ГУП за град Штип, со својата местоположба припаѓа на источната станбена зона на градот. Границата на планскиот опфат е уредена со планска одредба во ГУП за град Штип, а согласно член 6, став 2 и член 7, од - Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 142/10, бр.64/11 и 98/11) се уточнува и спроведува со планска одредба во предметниот Детален урбанистички план.

Планскиот опфат на предметниот ДУП е со следните граници:

- Северо-источната граница оди по граница на веќе донесен ДУП;
- Северо-западната граница оди по осовината на дел од Ул.Џемал Биедиќ;
- Југо-западната граница оди по осовината Ул.Борис Кајгер;
- Југо-источната граница оди по осовината на Ул.Панче Караѓозов;

Вкупната површина на планскиот опфат за кој се изработува деталниот урбанистички план изнесува 1,64 хектари.

**- граница на градежна парцела** е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

**- максимална височина на објектите**

Максимално дозволената височина на градбите е формулирана како условена планска одредба (6,0м) која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектната документација се докаже дека се исполнети условите утврдени во планот (во најчест случај се работи за условеност од урбанистички параметри).

Од максимално дозволената височина и површина за градење произлегуваат потребите за паркирање кои ќе се решаваат во рамките на сопствената градежна парцела со почитување на потребниот број на паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената височина и површина за градење.

**- процент на изграденост на земјиштето (Р)**

- урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Пресметан е на ниво на плански опфат изнесува: 43,8%;

**- коефициент на искористеност на земјиштето (К)**

- урбанистичка величина која ја покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Пресметан е на ниво на плански опфат изнесува: 0,44;

**- комунална инфраструктура**

За градбите и водовите на комуналните инфраструктурни системи планирани на градежното земјиште во планскиот опфат за кој е предвиден овој ДУП за дел од населба "Сењак 3" УЕ 35 Штип, приклучувањата ќе се изведуваат во согласност со условите што ги пропишуваат соодветните правни субјекти што стопанисуваат со нив.

## 10. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Во границите на планскиот опфат за кој се изработува предметниот ДУП за дел од населба "Сењак 3" УЕ 35 Штип, ќе важат следните Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за секоја урбанистичка единица на градежно земјиште, во случајот градежна парцела чии што граници се утврдени во планот:

**- намена на земјиштето**

Намената на градежното земјиште во рамките на планскиот опфат се уредува на ниво на плански опфат предвидена со ГУП за град Штип.

**- градежна линија**

-планска одредба од графичкиот дел на планот која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.

Во графичките прилози е дадена градежната линија која дава површина за градење на која може да се гради, но не и површина која целата ќе може да се изгради.

**- површина за градење**

-планска одредба од графичкиот дел на планот со која во предметниот план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.

Кај градежните парцели со утврден простор, ограничен со градежни линии во кои е дозволено поставување на површини за градење, согласно дозволениот процент на изграденост, истите треба да се разработат со основен проект.

**- височина на градење**

-планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.

- За одредени градби, максимално дозволената височина на градбите е формулирана како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектната документација се докаже дека се исполнети условите утврдени во планот (во најчест случај се работи за условеност од урбанистички параметри и обезбедување на потребниот број на паркинг места).

- При одредувањето на максималната височина на градбата се почитуваат стечените права од важечките урбанистички планови, па височината по правило се задржува или зголемува.

**- височина на слеме**

- планска одредба со која се утврдува највисоката точка на кровната конструкција и за истат треба да се почитува чл. 46, став 4.

**- максимална височина на нултата плоча**

- со урбанистичкиот план се уредува висинската кота на приземната плоча на градбите т.н. нулта плоча во однос на котата на теренот (тротоарот).

- како кота со апсолутна вредност ќе биде прикажана во графичкиот прилог "Нивелациски план" од урбанистичкиот план, за секоја градежна парцела односно градба поединечно.

- за класа на намена Б котата на нулта плоча е 0,10см. од котата на тротоарот, заради технолошкиот процес, т.е. со оваа висина се даваат услови објектот да има дуректен пристап во приземјето на објектот како и за утовар и истовар на стока. Точната кота на нулта плоча ќе се одреди со архитектонско урбанистички проект, во согласност со намената на трговската единица.

10.1. **Б- Комерцијални и деловни намени**

**Класа на намена Б -2** големи трговски единици

Со Изработка на ДУП за дел од населба "Сењак 3" УЕ 35 Штип, предвидени се градби со по четири фасади со отвори. При тоа да се почитува - Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 142/10, бр.64/11 и 98/11).

- дозволената височина на градење (Н) - 6,0м.

Како ***компатибилна намена*** на основната класа на намена се планира:
- А2- домување у станбени згради 20%
- А3- групно домување 20%
- со максимален дозволен процент за сите планирани компатибилни намени 40%, во однос на основната класа на намената во планот.

- **уредување на градежните парцели: со изработка на основен проект**.

10.2. **Паркирање и гаражирање**

Согласно член 61, став 4. од - Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/10, 64/11 и 98/11), потребниот број на паркинг места во согласност со намената на земјиштето и градбите и нивната големина како услов за градење согласно следните нормативи:

Потребите за паркирање ќе се решаваат во рамките на сопствената градежна парцела со почитување на потребниот број на паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената височина и површина за градење.

**Б - Комерцијални и деловни намени**

Потребниот број на паркинг места ќе се утврди со проектна документација во зависност од потребите за градба и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена, согласно член 61, став 1 алинеја 2.Б-комерцијални деловни намени од - Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/10, бр.64/11 и бр.98/11),

**Б2** - големи трговски единици:
- 1 паркинг место на 30м$^2$ од површината наменета за посетители и 1 паркинг место на 100м$^2$ од вкупната површина за вработените.

За компатибилните класи на намена паркирањето се планира согласно член 61, став 1 од - Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/10, бр.64/11 и бр.98/11),

**А2** - домување во станбени згради:
- 0,25 паркинг места за секој 45м$^2$ станбена повшина

**А3** - групно домување
- за домовите за стари лица, незгрижени деца и ученици : 1 паркинг место за секои вработен, 1 паркинг место за секои 3 вработени и 1 паркинг место на 15 легла за посетители.
- за студетски домови : 1 паркинг место за секои вработен, 1 паркинг место за 3 вработени во смена и 1 паркинг место на 10 легла за студенти и посетители.

Планските решенија на внатрешниот (во градежната парцела) динамичен и стационарен сообраќај ќе бидат предмет на Проектното решение на внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај како дел од основен проект.

Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр.142/10, 64/11 и 98/11), 3% од вкупниот

број места за паркирање треба да бидат предвидени за инвалидизирани лица.

## 11.НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

### 11.1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Нумерички показатели на ниво на блок 1

Посебни услови за градење во оваа планска документација се однесува на градежните парцели во рамките на урбаниот опфат и тоа:

Градежна парцела 1.

| | |
|---|---|
| Намена на земјиштето: | Б2<br>Големи трговски единици |
| Компатибилна класа на намена | А2(20%) Домуваже во станбени згради и А3(20%) Групно домување<br>Вкупно 40% |
| Површина на градежна парцела | 13 856,7м$^2$ |
| Површина за градење | 7 431,3м$^2$ |
| Развиена површина | 7 431,3м$^2$ |
| Височина на градење | Н=6,0м |
| Број на спратови | П |
| Процент на изграденост | 53,6% |
| Коефициент на искористеност | 0,54 |
| Понатмошна процедура | основен проект |
| Пристап до градежна парцела од сервисна Ул."Џемал Биедиќ" | |

Градежна парцела 2

| | |
|---|---|
| Намена на земјиштето: | Е2<br>Комунална супраструктура |
| Површина на градежна парцела | 154,7м$^2$ |
| Површина за градење | 6,0м$^2$ |
| Развиена површина | 6,0м$^2$ |
| Височина на градење | Н=3,5м |
| Број на спратови | П |
| Процент на изграденост | 3,8% |
| Коефициент на искористеност | 0,04 |
| Понатмошна процедура | / |
| Пристап до градежна парцела од сервисна Ул."Џемал Биедиќ" | |

## 11.2. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

| Група на класи на намена | | Намена на градежното земјиште | Површина $м^2$ | Процент % |
|---|---|---|---|---|
| Б | Б2 | Големи трговски единици | 13.856,7 | 84,41% |
| Е | Е2 | Комунална супрастуктура -трафостаници | 154,7 | 0,94% |
| | Е1 | Градежно земјиште за општа употреба -улици и тротоари | 2.403,9 | 14,65% |
| | | В К У П Н О: | 16.415,3 | 100% |

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ за блок 1

| Број на градежна парцела | Класа на намена | Компатибилна класа на намена | Површина на градеж. парцела $м^2$ | Површина за градење $м^2$ | Развиена површина $м^2$ | Мах висина до венец Н-мах | Процент на изграденост | Коефициент на искористеност | Број на катови | Број на парк. места | Поната мошна процедура |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Б2 Големи трговски единици | А2 - домување во стан. згради 20% и А3 - групно домување 20% | 13 856,7 | 7 431,3 | 7 431,3 | 6,0м | 53,6% | 0,54 | П | Согласно член 61 Од Правилникот | Основен проект |
| 2. | Е2 Комунална трафостан | / | 154,7 | 6,0 | 6,0 | 3,5м | 3.8% | 0,04 | П | / | / |

## 11.3. ЕЛЕМЕНТИ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

**Водовод**

На просторот што го зафаќа предметниот ДУП водоснабдувањето на планираните градби се обезбедува преку примарна водоводна мрежа од цевки АССф300мм и ф90мм поставени по планираната улична мрежа на ниво на плански опфат.

Секундарната водоводна мрежа ќе биде дефинирана со идејните проекти за секоја градба посебно.

**Фекална и атмосферска канализација**

На просторот што го зафаќа предметниот ДУП, одводот на фекалните и атмосферските води ќе се врши преку ново планираната канализациона мрежа со пречник од мин. Ф 350мм за фекалната канализација односно Ф 500мм за атмосверската канализација.

Секундарната канализациона мрежа ќе биде дефинирана со архитектонско урбанистичките за секоја градежна парцела посебно.

**10. Процент на изграденост** на ниво на дел од блок.

- Р-43,8%.

**11. Коефициент на искористување** на ниво на дел од блок.

- К-0,44.

# КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА УЛИЦИ
# КАРАКТЕРИСТИЧНИ ПРОФИЛИ




собирна улица по ГУП

ул."Борис Крајгер"
ул."Панче Караѓозов"
ПРОФИЛ 1 - 1, 2 - 2




сервисна улица по ДУП

ул."Џемал Биедиќ"

ПРОФИЛ 3 - 3

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" бр. 119 - ШТИП тел. 032 383 - 033 studio@atrium.mk

# ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

Наш број: 1404-3056/2
Скопје 04.11.2022 г.

**ДО:**
**АТРИУМ СТУДИО**
**Ул.„Никола Нехтенин" бр. 1**
**2000 Штип**

**Предмет**: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
**Врска:** Ваш барање бр. 0302-177/22-2 од 20. 10.2022г, преку е -урбанизам

Почитувани,

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи потребни за изработка на ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УЕ 25, 26, 32, 33, ОПШТИНА ШТИП ( Радански пат, нас.Света недела), према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
Податоци на изградени јавни
електронски комуникациски мрежи -во електронска форма

Со почит,
Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска 27.10.2022 С Јовевска
Раководител на сектор
Д-р Борис Арсов

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

www.aek.mk
ул.Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk



**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост**

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për kryerjen e veprimtarive energjetike
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup
në pronësi shtetërore

**До:**
**СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип**

Бр.-Nr. 15-3020/2
25-10-2022 год.viti
Скопје-Shkup

**Предмет: Одговор на барање**

**Врска: Барање на податоци и информации, со ваш бр. 0302-177/22-2 од 20.10.2022 год.**

Согласно вашето Барање на податоци и информации, за ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН У РБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УЕ 25, 26, 32 , 33, ОПШТИНА ШТИП ( Радански пат, нас.Света недела) ,

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски
2457

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

Ј П "И С А Р"
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ - ШТИП, МАКЕДОНИЈА

Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи
"ИСАР" п.о
Бр. 15-330
01-11 2022 год.
ШТИП

До
"СТУДИО АТРИУМ" ДОО ШТИП
ул. "Никола Нехтенин" бр.1 , 2000 Штип

Врска : Ваш бр. 0302-177/22-2 од 20.10.2022 год.

ПРЕДМЕТ : **Информација за подземен катастар - водовод и канализација**

Во врска со Вашето барање на податоци и информации добиено преку информацискиот систем за е-урбанизам каде барате податоци за постоечки и планирани подземните инсталации водовод и канализација а кои Ви се потребни за изработка на " **ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УЕ 25 , 26 , 32 И 33 ( РАДАНСКИ ПАТ нас.СВЕТА НЕДЕЛА ) , ОПШТИНА ШТИП** " , ЈП "ИСАР" Штип го дава следното :

## М И С Л Е Њ Е

Во овој плански опфат има постоечки инсталации на водовод и фекална канализација кои се уцртани во ситуацијата дадена во прилогот .

Доколку при планирањето во опфатот се случи да постоечките инсталации поминуваат низ градежните парцели на новопланираните објекти потребно е да се изработи техничкото решение за дислокација изместување на истите и да се достави во ЈП Исар на ревизија и одобрување ( изместувањето на инсталациите ќе биде на трошок на Инвеститорот ).

ЈП " Исар " Штип дава мислење дека во овој плански опфат може да се планира без посебни ограничувања , бидејќи во предвидениот опфат подземните инсталации од водовод и фекална канализација може да се вклопат во новото планирање .

***Ова Информација има важност 6 месеци од денот на издавањето*** .

28.10.2022 год.

РЕ " Сектор за стратешко планирање и развој "
ИЗРАБОТИЛ :
дипл.град.инж. Валери Симов

ЈП " Исар " Штип
в.д.директор
Трајче Здравков

УЛ."Г.М.АПОСТОЛСКИ" БР.37 - 2000 ШТИП,
тел.++389 32 391-125, факс ++389 32 392-671
e-mail: jpisar@mt.net.mk


ул. Ген. Скобелев
ул. Ген. Скобелев
ул. Ген. Скобелев

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХИДРОСИСТЕМ "ЗЛЕТОВИЦА" - ПРОБИШТИП**

ул. "Цветко Тонев " број 3А - Пробиштип, 2210
телефон: ++ 389 (32) 481-520
е-пошта: contact@hszletovica.com.mk
web: www.hszletovica.com.mk
ЕМБС: 5532515

Јавно претпријатие за извршување на водостопанска дејности
Хидросистем Злетовица-Пробиштип

Бр. 08-583/2
21.10.2022 год.

До
Студио Атриум ДОО Штип
Ул. Никола Нехтенин бр.1
Штип

**Предмет**: Достава на податоци и информации по барање бр. 0302-177/22-2 од 20.10.2022 година

Почитувани,

Ве известуваме, ЈП ХС Злетовица – Пробиштип нема подземни инсталации во делот каде што е наведено во Вашето барање за **ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УЕ 25,26,32 И 33, ОПШТИНА ШТИП (Радански пат, нас.Света недела).**

Подготвил
Марија Зафировски

Пробиштип
21.10.2022 година

ЈП ХС Злетовица
в.д.Директор
Љупчо Благоевски

Бр/Nr. 10-10476/2

01 -11- 2022
Скопје/Shkup_____година/viti

ДО СТУДИО АТРИУМ ДОО
ул.Никола Нехтенин бр.1
2000 Штип

**Предмет:Податоци и информаци**

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0302-177/22-2 од 20.10.2022год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 25, 26, 32, 33, општина Штип (Радански пат, нас.Света недела), Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-10476/1 од 20.10.2022 година:

- Ажурирана геодетска подлога со нанесен плански опфат кој е предмет на изработка на урбанистички план.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека предметниот плански опфат не граничи и низ истиот не поминува државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор,
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Зоран Велков
Одобрил: d-r Ejup Latifi

**Влада на Република Северна Македонија**
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ –
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение за Заштита и Спасување-Штип

28.10.2022г.

Архивски број: 09-188/2

До:,,Студио Атриум,,доо Штип

Предмет: Податоци,информација,услови,доставува;

Врска Ваш акт бр.0302-177/22-2 од 20.10.2022г.

Согласно чл. 32став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и задолжувањето од Директорот на ДЗС 02-2731/1од 19.11.2020 година, Одделението за издавање на урбанистичка согласност при Секторот за превенција, планирање и развој во Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение за ЗиС-Штип,информира:

**Почитувани,**

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка на **,,Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 25,26,32,33,(Радански пат,нас.Света Недела),,**Општина Штип**.**

Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат во изработката на изработка на**,,Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 25,26,32,33,(Радански пат,нас.Света Недела),,**Општина Штип**.**


Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение - Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@czs.gov.m

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

## 1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

## 2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

## 3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр. 36/04, 49/04 и 86/08),и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

## 4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.


Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение -Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@dzs.gov.m

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

**Наведените претходни услови треба да се вградат во** изработка на**,,Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 25,26,32,33,(Радански пат,нас.Света Недела),,**Општина Штип**.**

**Или** Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистичката документација во изработка на**,,Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 25,26,32,33,(Радански пат,нас.Света Недела),,**Општина Штип**,**да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение за ЗиС-Штип, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

Подрачно Одделение за Заштита и Спасување-Штип
Овластено лице
Перикли Лазаров

Perikli Lazarov
Digitally signed by Perikli Lazarov
Date: 2022.10.28 08:01:39 +02'00'

Подготвил:
Предал:
Прегледал:


Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение -Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@dzs.gov.m

**Дирекција за заштита и спасување**
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение -Штип

ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
**Република Северна Македонија**

+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.m

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
10-26/3-513 од 01.11.2022
Скопје

Одговорно лице: Мартин Јанковски

Контакт телефон: 072 933 420

e-mail: martin.jankovski@evn.mk

**Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 0302-177/22-2 од 20.10.2022 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УЕ 25, 26, 32, 33, ОПШТИНА ШТИП ( Радански пат, нас.Света недела), Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☒ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☒ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

**НАПОМЕНА:** Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во даденият опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Martin Jankovski
Digitally signed by Martin Jankovski
Date: 2022.11.01 07:51:45 +01'00'



МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје

Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811

Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814

Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813

Ф: + 389 (0) 2 3 111 160

www.mepso.com.mk

**До**

**Атриум студио**

**ул.Никола Нехтенин бр.1**

**Штип**

Бр.11-5738/1

26.10.2022

**Предмет: Податоци за постојни и планирани електро енергетски објекти**

Врз основа на Вашето барање бр.0302-177/22-2 од 20.10.2022 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 20.10.2022 година со број на постапка 46674, (наш број 11-5738 од 25.10.2022 година) за податоци и информации за измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УЕ 25,26,32 и УЕ 33 во Општина Штип, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО и тоа:

**1.Пресек со постојни 110 и 400 kV далекуводи на АД МЕПСО**
**2.Пресек со постојни 400 и 110kV трафостаници на АД МЕПСО**
**Истовремено Ве известуваме дека опфатот е во непосредна близина на постоен 400 KV далекувод**
Во прилог Ви доставуваме подлога во dwg формат прикачена на системот е-урбанизам.

**Напомена:** Податоците се од информативен карактер и затоа при реализација на предметната активност потребно е да се направи детална геодетска снимка на планскиот опфат со приказ на постојна состојба на земјиштето, катастарските парцели, градби и податоци за подземни, надземни и воздушни инсталации како и нивелациони коти на теренот, на ажурирана геодетска подлога, согласно член 2 точка 1 и член 43 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ 32/2020). При тоа треба да се почитува одредбата согласно член 203 и член 204 од Законот за енергетика (Сл. весник на РМ бр.96/2018), како и член 224 од Мрежните правила за пренос на електрична енергија (Сл.весник на РСМ 4/2022).

Во случај на потреба од евентуална дислокација на ЕЕ објекти опфатени со планскиот опфат, наведената активност ќе се изврши врз основа на Проект за дислокација на ЕЕ објекти, одобрен од страна на АД МЕПСО, а комплетните трошоци околу евентуална дислокација, вклучително и Проектот за дислокација ќе бидат на Ваш товар и сметка.

Доколку при реализација на планираните градежни работи настане штета врз електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на АД МЕПСО-Скопје.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Јасмина Ставрова

Eli Popovska

Digitally signed by Eli Popovska
Date: 2022.10.27 08:34:48 +02'00'

по овластување о[illegible] Генерален директор
бр.02-10[illegible] од 06.0[illegible]
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи


TS
15 ha
DUZLAK
DUZLAK
LEVACIT
LEVACITE
B A Z ' L ' K
GRAD

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 46674
Дата: 26.10.2022

До
Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн
СТУДИО АТРИУМ ДОО ШТИП
Ул. Никола Нехтенин Бр. 1, Штип

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Објектите со намена А1 – Домување во куќи се предвидени со катност П+1 – задржувајќи ја висината од претходно донесените урбанистички планови за предметната локација, освен дел од објектите што се со катност П+2 чија што висина исто така е превземена од важечки детален урбанистички план.

Со важечките детални урбанистички планови за планскиот опфат предвидени се и јавни паркиралишта. Во предметниот детален урбанистички план во планскиот опфат планирани се јавни паркиралишта.

# 6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

На предметниот плански опфат се предвидуваат следните основни класи на намена:

## 6.1. НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

| ДУП ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 - ОПШТИНА ШТИП | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА** | **ПОЕДИНЕЧНА КЛАСА НА НАМЕНА** | **ПОВРШИНА /м2/** | **ПРОЦЕНТ** |
| **ЦЕЛ ОПФАТ** | **А -** ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ | **А1.1 -** Куќи со двор | 124.277,53 | 54,7% |
| | | **А1.2 -** Семејни куќи со споен ѕид на меѓа - двокуќи | | |
| | | **А1.3** - Семејни куќи во низа | | |
| | | **А2.1** - Слободностоечки згради со двор | 25.440,76 | 11,20% |
| | **В** - ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ | **В5.2** - Џамија | 361,77 | |
| | **Д** - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ | **Д3** - Спорт и рекреација на зелени површини | 1.437,64 | 0,6% |
| | | **Д1.1** - Зелени сквер ови | 7.027,28 | 3,1% |
| | | **Д1.2** - Јавно урбано зеленило | 2.534,58 | 1,1% |
| | | **Д3.4** - Рекреативни паркови и тематски паркови на отворено | 14.355,04 | 6,3% |
| | **Е** - ГРАДБИ ОД НИСКОГРАДБА - ИНФРАСТРУКТУРИ | **Е1.1 -** Јавни патишта со пратечките градби и инсталации | 33070,14 | 14,6% |
| | | **Е1.1 -** Тротоари | 12.676,66 | 5,6% |
| | | **Е1.1 -** Пешачка патека | 2.817,76 | 1,2% |
| | | **Е1.5 -** Резервоари | 2.830,76 | 1,2% |
| | | **Е1.8 -** Трансформаторска станица | 230,48 | 0,1% |
| **ВКУПНО:** | | | **227.060,40** | **100%** |

- **Максимална површина за градба** (под објекти) во рамки на планскиот опфат:

| БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА | | | |
|---|---|---|---|
| ЦЕЛ ОПФАТ | Намена на објекти | Површина | Процент |
| | А1 / Домување во куќи | 38.383,58 | 77,4% |
| | А2 / Домување во згради | 8.704,88 | 17,5% |
| | В5 / Верски институции | 139,42 | 0,3% |
| | Е1.5 / Резервоари | 1.784,41 | 3,6% |
| | Е1.8 /Трансформаторска станица | 57,61 | 0,1% |
| | Д3 / Спорт и рекреација на зелени површини | 532,33 | 1,1% |
| **ВКУПНО:** | | **49.602,23** | **100,0%** |

- **Развиена површина за градба** во рамки на планскиот опфат:

| БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - БРУТО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА | | | |
|---|---|---|---|
| ЦЕЛ ОПФАТ | Намена на објекти | Површина | Процент |
| | А1 / Домување во куќи | 77.581,22 | 58,6% |
| | А2 / Домување во згради | 51.814,98 | 39,1% |
| | В5 / Верски институции | 139,42 | 0,1% |
| | Е1.5 / Резервоари | 1.784,41 | 1,3% |
| | Е1.8 /Трансформаторска станица | 57,61 | 0,0% |
| | Д3 / Спорт и рекреација на зелени површини | 1.064,66 | 0,8% |
| **ВКУПНО:** | | **132.442,30** | **100,0%** |

## 6.2. ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Врз основа на поставените нормативи, стандарди, критериуми и определби, станбениот фонд и зафатената површина на домување согласно направените анализи со ГУП на град Штип 2014- 2029, со интерполација со трендлинија за наредните десет години се доаѓа до бројка од околу 49400 жители на крајот на овој период. Меѓутоа ова се бројки кои во предвид го земаат само природниот прираст на населението во Градот Штип. Во градот Штип егзистира и Универзитет Гоце Делчев со приближно 8000 студенти. Голем дел од нив не се од Штип но поголем дел од годината го минуваат во градот. Исто така може да се очекува и развој и експанзија на универзитетот со што и бројот на студенти ќе се наголеми.

Земајќи ги предвид овие факти вкупниот број на жители на крајот од овој плански период е проценет на 58427 жители кои се земени како појдовна основа за пресметките, согласно ГУП на град Штип 2014-2029, а според пописот на населението од 2021 година, бројот на постојни жители изнесува 44 866 жители .

Домувањето и станбениот фонд зафаќаат најголем процент од територијата на градот, а со самиот пораст на населението и со промена на стандардот на домување

укажува на тенденција на негов можен понатамошен пораст.

Во согласност со анализите и параметрите зададени во ГУП на град Штип 2014-2029 во градска четврт ЈИ 07 планирани се вкупно 7612 жители, а согласно планското решение за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, СО НАМЕНА А-ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИ, направени се следниве демогафски анализи за планираната состојба на ниво на опфат.

- Вкупна бруто развиена површина за сите класи на намена во рамки на планскиот опфат е 132581,72m².
- Вкупна бруто развиена површина за намена домување во рамки на планскиот опфат е 129396,2m² = 12,93ха.
- Вкупна површина за намена домување во рамки на планскиот офпат е 149723,37m² = 14,97ха.
- Просечен број на станбени единици е **3 ст. единици** по куќа. Максимален број на станбени единици е прикажан во посебни услови за изградба за секоја градежна парцела поединечно.
- Просечен број на членови по домаќинство е **2,73.**

Планирани се вкупно 290 градежни парцели со намена Домување, од кои 282 градежни парцели се со намена А1 – Домување во куќи и 8 градежни парцели се со намена А2 – Домување во згради.

Во планскиот опфат се предвидени вкупно 1056 станбени единици, од кои 572 станбени единици се со намена А1 – Домување во куќи и 484 станбени единици се со намена А2 – Домување во згради.

Во планскиот опфат се предвидени вкупно 1056 станбени единици со по 2.73 жители во еден просечен стан (согласно ГУП) или вкупно 3168 жители. За намена А2 – Домување во згради, според извод од ГУП, во делот домување, од брутото станбена површина дадена во планот се одзема околу 30% за да се дојде до ориентациона корисна станбена површина. Тој број се дели на предвидените 75м$^2$ (површина на еден просечен стан) и се добива бројот на станбени единици, односно 484 станбени единици. Имајќи во предвид дека во еден просечен стан живеат приближно 2,73 жители, се добива планираниот број на жители односно 1452. За намена А1 – Домување во куќи, предвидени се 2 или 3 станбени единици, прикажано поединечно во посебни услови за изградба за секоја градежна парцела, предвидени се 572 станбени единици. Имајќи во предвид дека во еден просечен стан живеат приближно 2,73 жители, се добива планираниот број на жители односно 1716. Вкупен број на жители во дадениот опфат изнесува 3168.

| ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Основна класа на намена** | **Блок** | **Површина на градежна парцела м2** | **Површина за градба м2** | **Развиена бруто површина м2** | **Број на објекти** | **Број на домаќинства** | **Број на жители** | **Густина** |
| А1 | СИ 07.05 и СИ 07.10 | 1242872,61 | 38383,58 | 77581,22 | 282 | 572 | 1716 | 1603,7 |
| А2 | СИ 07.05 и СИ 07.10 | 25440,76 | 8704,88 | 51814,98 | 8 | 484 | 1452 | 1357,0 |
| **Вкупно** | | **1268313,37** | **47088,46** | **129396,20** | **290,00** | **1056** | **3168** | **2960,7** |

**Нето густина на населеност:** 3168 бр. на жители / 14,97 ха површина на земјиште со намена домување = **211ж/ха, што е во согласност со параметрите** за густина на населеност во однос на вкупната дозволена површина со намена домување (ж/ха) зададена во ГУП за град Штип.

**Бруто густина на населеност:** 3168 бр. на жители / 22,7ха вкупна површина на плански опфат = **140ж/ха.**

За планираниот број на жители: 3168, согласно демографските показатели, може да се пресмета дека 4% ќе бидат деца на возраст од 1 до 6 години, односно 127 дена. За 60% од нив ќе се јави потреба да бидат згрижени во предучилишна установа.

Во предметниот опфат не е евидентирана детска градинка. Земајќи ги во обзир просторните можности и постојното непосредно опкружување (постојни градинки) и планираното во непосредна околина, за решанање на проблемот за згрижување на деца на предучилишна возраст со овој детален урбанистички план, НЕ се планира површина со намена В2 – Здравство и социјална заштита (Детска градинка). Потребите за згрижување на деца на предучилишна возраст ќе се задоволат во соседните блокови како што е предвидено со ГУП на град Штип како и постојните градинки.

Постојни градинки во непосредна близина:

- детска градинка “Вера Циривири - Трена” оддалечена приближно 1,5км.

## 6.3. КОМПЛЕМЕНТАРНИ, КОМПАТИБИЛНИ И АЛТЕРНАТИВНИ КЛАСИ НА НАМЕНА

Бидејќи предметниот плански опфат на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, СО НАМЕНА А-ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП, кој согласно важечки ГУП предвидува изградба на објекти со намени: домување и престој, инфраструктура, зеленило, рекреација и меморијални простори, се планираат содржини кои согласно Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21 ,104/22 и 99/23), со следниве групи на класи на намени:

**А – Градби за домување и престој на луѓе**
**В – Јавни институции**
**Д – Зеленило, рекреација и меморијални простори**
**Е – Инфраструктури**

Заради флексибилност на планот, на основните намени во планот, се дава можност за добивање на комплементарни, компатибилни и алтернативни намени.

**Комплементарна намена** е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план.

**Комплементарни намени се**:

- Делови од градежни парцели и делови од градби што служат за внатрешен сообраќај и за паркирање;
- Зеленило и одредени рекреативни намени;
- Делови од парцели или градби што се неоходни за комуналните инфраструктури;
- Градби, инсталации и опрема без кои основната намена не може да се употребува согласно нејзината намена;

**Компатибилни намени**, класи на намени или групи на класи на намени се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во просторната единица односно во иста наменска зона или во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање.

**Компатибилните намени, класи на намени и групи на класи на намени се одредуваат** според принципот на меѓусебно несметање и толеранција или функционална и просторна усогласеност за опстојување на ист или соседен простор.

Својството на компатибилност на различните дејности и активности е важно за процесот на урбанистичкото планирање и обликување на просторот, односно во просторната дистрибуција на намени, бидејќи поставувањето едни до други или едни преку други различни но компатибилни намени во урбанистичкиот план ја обезбедува динамичната просторна, функционална и структурна коегзистенција на голем број на дејности, активности и интереси на ист простор.

Во просторната дистрибуција на намените на земјиштето и градбите најважни се правилата на асоцијативност на компатибилните намени и заштитните правила на некомпатибилност, односно нормите што ти штитат ранливите намени од некомпатибилните намени што го попречуваат или деградираат употребувањето и квалитетот на првите.

Домување од класата на намени А2 - домување во згради, мешањето на оваа класа на намени е вообичаена со класата на намени Б1- мали единици за комерцијални и деловни дејности. Класата на намени А2 може да биде во непосредното соседство, да граничи, да се допира односно да биде една до друга практично со сите класи на намени што не му пречат на домувањето во згради и не ја загадуваат околината со ниту еден вид на загадување, како што се класите на намени од групите на класи на намени Б - комерцијални и деловни намени, В - јавни дејности и институции, па дури и оние намени од класите на намени Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, ГЗ - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и енергетика од обновливи извори, и Е1 - сообраќајни, линиски и други инфраструктури, и Е2 - згради и комплекси на инфраструктурните системи, што немаат никакви штетни еманации и не ја загрозуваат функцијата на домување во згради.

Намени со најголема некомпатибилност се намените од класата на намени Г1 - производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија, кои се најзагадувачката класа на намени и се некомпатибилни со групите на класи на намени А, Б и В.

Помала некомпатибилност од класата на намени Г1 имаат класите на намени Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (освен Г2.8 - топлани за комунално греење и Г2.9 -ински подруми, винарии, пивари, пекарска индустрија, фурни, кои имаат поголема компатибилност со групите на класи на намени А, Б и В) иТ3З - индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и енергетика од

обновливи извори (освен Г3.2 - сервиси за одржување и поправка на машини, бела техника, електроника, апарати за домаќинство, Г3.4 - сервиси за чистење и перење на килими, хемиско чистење и слично, Г3.6 - производство на инструменти, електроника и предмети за домаќинство, накит од племенити метали, музички инструменти, кроење и шиење облека, мануфактури за прецизни работи, печатници и слично, кои имаат поголема компатибилност со групите на класи на намени А, Б и В), чијашто поголема компатибилност може да се постигне со примена на нови незагадувачки технологии и заштита кои ги преквалификуваат овие намени во компатибилни со некои класи на намени од групите на класи на намени Б и В, па дури и класата на намени А2, при што за оваа преквалификација (од повеќе во помалку загадувачки) се потребни технички докази и институционална верификација за нивната незагадувачка природа.

Класите на намени Г4 - стоваришта, складови и отпади и Г5 - земјоделско и сточарско производство, се некомпатибилни со групите на класи на намени А и В, при што исклучок се селските стопански дворови како и специјализираните рурални населени места, во коишто мешањето на класите на намени А1 и Г5 може да биде и компатибилно и комплементарно.

Класите на намени Д1 - парковско и пејзажно зеленило, и Д2 - заштитно и сообраќајно зеленило, се по правило компатибилни со сите класи на намени.

Уредувањето на компатибилноста се врши во урбанистичките планови за секој плански опфат поединечно, во зависност од специфичностите на локалитетот, културата на живеење, историјата на планирање и градење, и тоа во случаи во коишто потребната компатибилност не е опфатена со овој правилник и помеѓу класи на намени и на начин различен од наведените во овој правилник, но согласно со начелата и принципите на компатибилност пропишани со овој правилник.

При димензионирањето на инфраструктурите во урбанистички план секогаш како референтни вредности се земаат највисоките параметри од алтернативните и компатибилните намени предвидени со планот.

За објектите во граница на планскиот опфат се дозволуваат следни компатибилни класи на намена**: Б – комерцијални и деловни намени, Д– зеленило, рекреација и меморијални простори и А – градби за домување и престој на луѓе.**

За намена А2.2 - компатибилни класи на намена се:

**Б1- Мали единици за комерцијални и деловни дејности**

**Б2- Големи единици за трговија**

**Б4- Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради**

За намена Б2 – Згради за трговија – компатибилни класи на намени се:

**А2 – Згради за домување**

**Д3- Спорт и рекреација на зелени површини**

Застапеност на единечна класа на намена во однос на основната изнесува **40%** од вкупна површина на основна намена.

Застапеност на збир на единечни класи на намена во однос на основната изнесува **40%** од вкупна површина на основна намена.

Заради флексибилност на планот, при одредување на намената на земјиштето во урбанистичките планови како планска одредба може да се употребуваат две или повеќе меѓусебно компатибилни намени како **алтернативни намени**, но само во рамките на градежната парцела.

Усогласеноста на процентуална застапеност на комплементарни, компатибилни и алтернативни намени во планот треба да биде во согласност со одредбите пропишани во Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21 ,104/22 и 99/23), и почитување на одредбите дадени во Законот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/20 и 111/23).

## 6.4. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Во планскиот опфат сообраќајното решение е дефинирано со превземениот планиран сообраќај во ГУП и планиран сообраќај во ДУП.

Предвидените сообраќајници се во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21 ,104/22 и 99/23).

Основниот сообраќаен систем во целиот плански опфат го сочинуваат:

### Собирна улица: Профил 1-1

Ул. “Новопроектирана собирна улица 2” (превземена од важечки ГУП – осовина – граница на опфат)

| | |
|---|---|
| коловоз | 6x3,5m = 21 m |
| тротоар | 2x2,5m = 5m |
| зеленило | 1x4m = 4m |
| **вкупно** | **30.0 м** |

### Сервисна улица: Профил 2-2

Ул. “Панче Караѓозов”
Ул. “АСНОМ”

| | |
|---|---|
| коловоз | 2x3m = 6 m |
| тротоар | 2x2,4m = 4,8m |
| **вкупно** | **10,8 м** |

### Станбена улица: Профил 3-3

Ул. “Радански пат”
Ул. “Косовска”
Ул. “1”
Ул. “2”

| | |
|---|---|
| коловоз | 2x3m = 6 m |
| тротоар | 2x2,4m = 4,8m |
| **вкупно** | **10,8 м** |

### Пристапна улица: Профил 4-4

Ул. “3”
крак на ул. “Панче Караѓозов”
крак на ул. “Радански пат”
крак 1 на ул. “Косовска”
крак 2 на ул. “Косовска”
крак 3 на ул. “Косовска”
крак 4 на ул. “Косовска”

| | |
|---|---|
| Коловоз | 5,5 м |
| **вкупно** | **5,5 м** |

### Пристапна улица: Профил 5-5

Ул. “4”

| | |
|---|---|
| Коловоз | 6,0 м |
| **вкупно** | **6,0 м** |

**Пешачка патека: Профил 8-8**

Пешачка патека бр.1, бр. 2 и бр. 3

| | |
|---|---|
| патека | 3,0 м |
| **вкупно** | **3,0 м** |

**Пешачка патека: Профил 9-9**

Пешачка патека бр.5, бр. 6 и бр. 7

| | |
|---|---|
| патека | 4,0 м |
| **вкупно** | **4,0 м** |

**Пешачка патека: Профил 10-10**

Пешачка патека бр. 4

| | |
|---|---|
| патека | 4,5m |
| **вкупно** | **4,5 м** |

**Пешачка патека: Профил 11-11**

Пешачка патека бр. 9

| | |
|---|---|
| патека | 4,3 – 4,8m |
| **вкупно** | **4,3 – 4,8m** |

**Пешачка патека: Профил 12-12**

Пешачка патека бр. 10

| | |
|---|---|
| патека | 5,4 – 7,7m |
| **вкупно** | **5,4 – 7,7m** |

Во овој ДУП се барани нови економски решенија за задоволување на потребите на сообраќајот, но во рамките на сообраќајните и техничките нормативи.

Во планот се дава комплетно сообраќајно и нивелманско решение на улици кои се планирани согласно законската и подзаконската регулатива со кои се обезбедува пристап со секоја градежна парцела.

Во планскиот опфат постои изградена улична мрежа и истата максимално можно е вклопена со урбанистичкиот план.

Во планскиот опфат кој е предмет на изработка на овој ДУП, внесени се траси на сообраќајниците онака како што се во важечкиот ДУП, а нивниот профил е усогласен со важечкиот Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21 ,104/22 и 99/23).

За предметниот плански опфат потребно е да се определи начин на пресметување на неопходниот или потребниот број на паркинг места за секоја единица на градежно земјиште односно за секоја градба според нејзината намена или големина и за секоја наменска зона, и истата е планска одредба како задолжителна содржина на ДУП.

Потребниот број паркинг места ќе се утврди во зависност од специфичните потреби, локација и услови во во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба;

Во зависност од конкретната намена на градбите во граница на градежните парцели во планскиот опфат на ДУП, (во зависност од стандардот на живеење, степен на моторизација, достапност на средства за јавен превоз), потребно е да се обезбедат паркинг места во сопствена градежна парцела.

Проблемот на стационарниот сообраќај ќе се решава во рамките на сопствена парцела со почитување на потребен број на паркинг места, **како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.**

Сите профили на улиците, дадени се во графичкиот прилог **Сообраќаен план**

Целокупниот нивелациски приказ на улиците, даден е во графичкиот прилог **Нивелациски план.**

## 6.5. ИНФРАСТРУКТУРА

Со изработка на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, СО НАМЕНА А-ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП, објектите за кои се планира во планот, ќе влијаат врз димензионирањето на предвидената инфраструктура, поради што планираната инфраструктура треба да ги задоволи идните планирани површини на изградба. Основните планирани решенија на инфраструктурата се превземени од важечкиот ГУП за предметниот опфат и се прикажани во графичкиот прилог инфраструктурен план. Освен решенијата од претходниот план, при димензионирање на планирана инфраструктура, земени се во предвид и податоци добиени од надлежни институции.

### 6.4.1. ОСНОВНО РЕШЕНИЕ НА ЕЛЕКТРО ИНСТАЛАЦИЈА

Во граници на предметниот плански опфат постојат изградени објекти, со извршени приклучувања на постојната електрична мрежа. Во планскиот опфат има постојна 10(20)/0.4 Трафостаница, 10(20)кВ подземна мрежа, 0,4кВ подземна и надземна мрежа која е внесена во графичките прилози.

Во опфатот поминува среднонапонски подземен 10(20)кВ вод, чијшто заштитен појас изнесува 2 метри лево и десно од оската на водот. Овој заштитен појас се однесува на површината и просторот под, над и покрај самиот вод кој е потребен за заштита и одржување на водот и во него не е дозволено изведување на работи.

Со Планската документација се планира поништување на одредени делови од нисконапонскиот надземен/подземен 0,4кВ вод кои што минуваат низ новопланираните објекти. За сметка на тоа се планира нов среднонапонски подземен 10(20)кВ вод чијшто заштитен појас изнесува 2 метри лево и десно од оската на водот и истиот е предвиден по траси во тротоарот на улиците.

Се предвидува каблирање на сите надземни водови, со планирање на заштитен појас во широчина од 2 метри, по еден метар од осовината на водот. Во случај на потреба за дислокација на водови од градежни парцели, истото ќе биде во договор со надлежната институција која стопанисува со нив. Надземните водови кои се надвор од планираниот опфат остануваат некаблирани со почитување на заштитната зона.

Сите активности за задоволување на потребите од проширување на енергетските карактеристики на објектите во рамките на планскиот опфат се во надлежност на од **ЕВН – Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје**.

За промена или дислокација на електроенергетски објекти и инфраструктура, претходно е потребно да бидат исполнети услови за промена на дислокација, односно инвеститорот е должен да поднесе барање и да ги надомести трошоците за истото, по издадено техничко решение од Електродистрибуција дооел Скопје.

За пресметка на потребите за електрична моќност се земаат следните вредности за:

-домување 1kW/жител
-комерцијални и деловни и јавни институции 193kW/ha
-зеленило и рекреација 15kW/ha

оттаму потребите за електрична моќност за предметниот плански опфат во кој има **домување**, чија изградена површина изнесува 149.723,37m2, односно **3168** корисници, **јавни дејности и институции**, чија површина на земјиште изнесува 362m², односно **0,04ha** и површина наменета за зеленило која изнесува 25354,54m2 односно **2,53ха**

Вкупната едновремената ел. снага изнесува:

Pen1 =3168 корисници
**Домување:** 1kW Pen1 =3168kW

Pen2 =0,04ha
**Јавни дејности и институции. :** 193kW/ha Pen2 = 7,72 kW

Pen3 =2,53ha
**Зеленило и рекреација. :** 15kW/ha Pen2 = 37,95kW

Pen = Pen1+Pen2+Pen3 **Pen = 3214kW**

$\eta_{tr}$ = Pen / $S_{tr}$ = 3214 / 1000 x 0,75 = 4,28 = 4 трафостаници

Во планскиот опфат се евидентирани 2 (две) трафостаници и дополнително се планираат уште 2 (две) нови трафостаници.

### 6.4.2. ТЕЛЕКОМУНИЦАСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Според техничките нормативи за одредување на вкупниот број на телефонски приклучоци - **на секоја субјект или станбена единица и припаѓа еден телефонски приклучок**. За овој плански опфат изведено е приклучување на постоечките објекти, кои се обезбедени со комплетна телефонска мрежа која ги задоволува потребите на објектите. Телефонската инсталација треба да ги задоволува критериумите за урбана градска средина. Сите идни планирања и развој на телефонската инсталацијата, треба да се планира и изведе со издадена согласност од **А.Д. Македонски телекомуникации Штип.**

### 6.4.3. ВОДОВОДНА МРЕЖА

Согласно постојните важечки прописи за проектирање на комунална инфраструктура, изработени се основни решенија на ваков вид на објекти, усогласени со постојната инфраструктурна мрежа, како и со предвидената водоводна инфраструктура, согласно главните проекти за изградба на идна водоводна мрежа на град Штип..

Сите понатамошни активности, изборот на нов приклучокот, големина на инфраструктурата, треба да биде во согласност со **ЈП Исар – Штип.**

Местоположбата на водовите од водоводната мрежа се предвидува да биде под тротоарите.

Истите се прикажани во графичкиот прилог Инфраструктурен план. Димензиите на профилите на водоводните цевки се добиваат со хидраулична пресметка, со познати потрошувачи на вода.

Хидротехничка пресметка за водоснабдување појдовни параметри

$N_k$ – корисник = 3168 корисници
$Q_0$ – водоснабдителна норма – 250 l/ден
$a_1$ – коефициент на дневна нерамномерност=1,3
$a_2$ – коефициент на часовна нерамномерност=1,5

- средна дневна потрошувачка на вода – $Q_{сред/ден}$

$$Q_{сред/ден} = N_k \times Q_0$$

$Q_{сред/ден} = 3168 \times 250 = 792000\ l/ден = 792 m^3/ден$
$Q_{sred/ден} = Q_{сред/ден} /86\ 400 = 792000/86400 = 9,16\ l/sec$

- максимална дневна потрошувачка на вода – $Q_{max/дневна}$

$$Q_{max/дневна} = a_1 \times Q_{сред/ден}$$

$Q_{max/дневна} = 1,3 \times 792000 = 1029600 l/ден$
$q_{max/ден} = Q_{max/ден} /86\ 400 = 1029600/86040 = 11,9\ l/sec$

- максимална часова потрошувачка на вода – $Q_{max/час}$

$Q_{max\ чаа} = \frac{Q max/дневна}{24} x a_2 = Q = \frac{1029600}{24} x 1,5 = 77220$

$q_{max/час} = Q_{max/час} /3600 = 77220/3600 = 21,45\ l/sec$

- потребно количество на вода за гасење на пожар – $q_{довод/пож}$

t – времетраење на работа на довод – 24h
$t_p$ – времетраење на пожар – 2h
n – број на истовремени пожари – 1
qпожар

$$q_{довод/пож} = \frac{Q max/дневна}{t x 3600} x \frac{n x t_p x q пожар}{24 x 3600}$$

$$q_{довод/пож} = \frac{1029600}{24 x 3600} x \frac{1 x 2 x 5}{24 * 3600} = 11,91 + 0,83 = 12,74 l/s$$

- вкупно количество на вода кое оди во водоснабдителниот систем:

$Q = q_{max} + q_{довод/пож}$
$Q = 11,91 + 12,74 = 24,65$ l / s

### 6.4.4. ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Местоположбата на канализационите водови е предвидена да биде под сообраќајниците, со длабина која ќе овозможи нормално опслужување на корисниците. Постоечките водови кои поминуваат низ градежни парцели се предвидуваат да се дислоцираат и постават под сообраќајници. Димензиите на канализационите цевки, со точни отпадни количини на отпадни води ќе се дадат со разработка на ДУП, во проектната документација во зависност од намени, големина на објекти како и технолошките процеси кои ќе се изведуваат.

Исто така треба да се извршат пресметки со кои пресметки ќе се добијат наклони на канализационите цевки.

**Отпадна количина на вода**

$N_k$ – краен број на корисници =3168

- $Q_0$ – водоснабдителна норма 250l/ден/жител
- $K_1$ – коефициент на часовна нерамномерност=1.6
- $K_2$ – коефициент на дневна нерамномерност=2

$$q = N_k \times Q_0 \times K_1 \times K_2 = 3168x250x1,6x2 = 2534400$$

$$q_{14} = \frac{q}{14x3600} = \frac{2534400}{50400} = 50,28\ l/sec$$

**Инфилтрирана подземна вода** по стручна литература 25-30%

$$q_{инф} = q_{14} \times 0,3 = 50,28 \times 0,3 = 15,084 l/s$$

**Вкупна отпадна фекална вода**

$$q_{вкупно} = q_{14} + q_{инф}$$
$$q_{вкупно} = 50,28 + 15,084 = 65,364\ l/s$$

**специфичен проток – ξ**

$$\xi = \frac{q_{вкупно}}{\Sigma F} = \frac{8.865,364}{22,7} = 2,87 \quad \frac{l/s}{ha}$$

$\Sigma F$ – вкупна површина што се одводнува = 22,7ха

### 6.4.5. АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Местоположбата на атмосферската канализација е предвидена да биде под сообраќајниците. Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, во зависност од сливната површина, интензитетот на дождовите и отечниот коефициент.

Отпадните атмосферски води од планскиот опфат од кровните површини на објектите, од површините на улиците, од зелените површини ќе бидат прифатени и евакуирани во атмосферска канализација.

### 6.4.6. УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО

Во планскиот опфат се планирани е зелени површини како засебна зелена површина кои зафаќаат површина од 2,53ха, односно 11,2%. Во секоја градежна парцела да се предвиди зеленило и застапеност на зеленилото во граница на една градежна парцела треба да изнесува мин. 20% од вкупната површина на градежната парцела.

## 7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

**7.1.** ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА СЕ СОСТАВЕН ДЕЛ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, СО НАМЕНА А-ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП

**7.2.** Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од Генералниот урбанистички план и конкретните решенија во ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, СО НАМЕНА А-ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП.

**7.3.** Се објаснуваат некои ставови за правилно спроведување на текстуалниот и графичкиот дел на планот, и се утврдуваат глобални смерници за изработка на плановите од понизок ред.

**7.4.** Во графичките прилози дадена е максимална висина на градба, која претставува планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата.

- Како висина на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри
- на вертикална рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри
- Како висината на највисока кота на градбата, кој се мери на највисокиот дел од затворениот габарит на градбата (од првостепена пластика) односно на највисока кота на покривот или слемето на кровот доколку се работи за кос кров, изразена во метри.
- Максималната висина на градбите покрај определување во должни метри, може да се дополнува и со бројот на катови или етажи.
- Поткровје или потпокривен спрат што во урбанистички план се планира како изградена површина чијашто намена е еднаква на намената на градбата, не се обележува во урбанистички планови и урбанистички проект посебно – како поткровје, туку како кат што влегува во бројот на вкупно одредените катови на градбата

**7.5.** Максимална височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри, или вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и највисоката кота на градбата изразена во должни метри.

- Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот завршен ѕид од градбата поставен на градежна линија од страна на лицето на градежната парцела.
- Максималната висина на изградба може да се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектната документација се докаже дека се исполнети условите за постигнување на максималната висина за изградба дефинирана со овој план.
- Максимална височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап.
- Доколку тротоарот односно теренот долж лицето на парцелата е во наклон, максималната височина се одредува во однос на кота на тротоарот што се наоѓа во средината на страната на градбата долж наклонот на теренот.

**7.6.** Максимална височина на нулта плоча во однос на теренот - апсолутна кота на тотоарот е 1.20м. Минималната височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот е 0.15м.

**7.7.** Висината на кровот се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во метри. Височина на слеме е планска одредба која се уредува во урбанистички план како височински услов за градење на ниво на наменска зона, уличен фронт, блок или плански опфат односно градежна парцела, но само доколку максималната височина на градење е уредена како височина до горен венец на градбата.

Височина на слеме на кровот на градбата може да се употреби како релативна кота која се мери од котата на горниот венец на градбата и ја претставува висината на кровната конструкција и покривот.

Височина на слеме може да се употребува како планска одредба во урбанистички план и како единствена височинска планска одредба односно како максимална височина на градење или како највисока кота од градбата.

Слеме е највисока точка на кровната конструкција или највисока хоризонтална линија на пресекот на рамнините што го формираат покривот или доколку се работи за едноводен кров тоа е линија на пресекот на наклонетата рамнина на кровот и вертикалната рамнина на фасадата на градбата.

Кога височината се одредува со параметарот височина на горниот венец, височината на слеме се одредува и мери од котата на горниот венец на градбата, а кога височината се одредува само со височината на слеме, таа се мери од котата на тротоарот или од пристапната или заштитната патека до градбата.

Доколку во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор, тој се третира рамноправно со другите спратови на градбата и се обележува и пресметува во постапката за спроведување на планот како регуларна спратна површина.

Во урбанистички план не се планира и обележува потпокривен простор како посебен вид на кат односно поткровје, туку како регуларен кат.

Во дозволената височина на слемето можно е формирање на повеќе типови на покриви од кои најчести се косите, рамните и мансардните покриви

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите што се уредува со урбанистички план на ниво на плански опфат, блок или поединечна градежна парцела и тоа:

- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, и

- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обsидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот

**7.8.** Во максимална висина на градба, за објекти од планскиот опфат, дадни се катни висини од: П до П+5 ката

**7.9.** Диспозиција на површина за градење во градежна парцела и нејзино растојание од граница на градежна парцела зависат од типот на градење, односно од начинот на групирање на градбите во блокот.

Растојанијата помеѓу површини за градење во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на коридорот или од меѓусебното растојание, височината на градбите од двете негови страни и видот на отворите на фасадите ориентирани кон коридорот, при што:

- на коридор дефиниран со две регулациони линии што се на меѓусебно растојание од 3,00 – 6,00 м површините за градење што се допираат со регулационата линија можат да бидат слепи sидови без отвори или да имаат само помошни отвори со парапет над 1,60 м, додека регуларни отвори со парапети под 1,60 м можат да имаат градбите чиишто површини за градење се оддалечени од регулационите линии најмалку 3,00 м,
- на коридор дефиниран со меѓусебното растојание на градбите од двете страни на коридорот кое изнесува од 6,00 – 16,00 м страните од градбите што се ориентирани кон коридорот можат да бидат со регуларни отвори со парапети под 1,60 м но со висина на градбите што не е поголема од широчината на коридорот,
- висините на градбите во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на просторниот коридор дефинирана како меѓусебно растојание на градбите од двете страни на коридорот, кои по правило изнесуваат најмногу до широчината на коридорот во приградски и периферни четврти на населеното место (В = Ш) и до две широчини на коридорот во централните четврти од населено место (В = 2Ш) за коридори поширoки од 18,00 м.

**7.10.** Градежната линија ја означува ганицата на површината за градење. Градежна линија е планска одредба со која во урбанистички план и урбанистички проект се уредува границата во градежната парцела до која е дозволеното простирање на планираната градба односно ја дефинира просторната диспозиција на површината за градење во градежната парцела, а со тоа и просторната диспозиција на идната градба.

**7.11.** Градежна линија се спроведува со можни и дозволени пречекорувања на издадените елементи од архитектонска пластика на градбите:

Во урбанистички план може да се предвидува дозволено пречекорување на градежната линија на првостепената и второстепената архитектонска пластика само над приземниот кат на градбата, додека помеѓу теренот и првиот кат може да се предвидуваат пречекорувања само со одредени елементи од третостепената архитектонска пластика, кога за тоа постојат услови и не повеќе од 0,30 м.

Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела на сосед, не се одобруваат пречекорувања градежната линија со ниту еден вид архитектонски елементи и делови од градба.

Кога растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е 1,20 м, не се дозволени пречекорувања на градежната линија со еркери и други издадени делови на било која висина од вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела, а доколку растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е поголемо од 1,20 м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од границата на градежната парцела што е помало од 1,20 м.

Секаде каде што градежната линија се поклопува со регулационата линија постои обврска фасадниот sид да се постави токму на вертикалната рамнина која е одредена со градежната линија.

Пречекорувања на градежна линија во наведениот случај ќе се регулира согласно:

- Конкретните градежни линии се дадени во графичкиот дел од планот и истите треба да се почитуваат ако со тоа не се нарушуваат другите параметри.

- Доколку градежната линија не се совпаѓа со регулационата линија, се дозволуваат пречекорувања: кога растојание помеѓу градежната линија и регулациона линија е 1,20м не се дозволуваат пречекорувања на градежната линија, а доколку растојанието на градежната линија и регулациона линија е поголемо од 1,20м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од регулациона линија што е помало од 1.20м

- Доколку градежната линија е кон дното на градежната парцела дозволените пречекорувања имаат поголема амплитуда на вредности кои се уредуваат во урбанистички план во зависност од околностите за секој плански опфат, четврт или блок, а доколку растојанието помеѓу соседните површини за градење кон дната на парцелите е помало од 8,00 м пречекорувањата не се дозволени.

- При планирање на површини за градење со меѓусебни растојанија кои кон страните и дното на парцелата се поголеми од 16,00 м, по правило нема стандардизирани ограничувања за употребата на архитектонската пластика, при што во случаи кога има за тоа потреба овие ограничувања се уредуваат во општите услови за градење во урбанистичкиот план.

- Пречекорувања на градежната линија не треба да излезат надвор од градежната парцела на било која височина над теренот.

Максимален процент кој што може да го зафати архитектонска пластика од вкупната површина на фасадата е 80%.

**7.12.** Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се одредува површина од градежно земјиште односно делот од градежна парцела кој се предвидува за градење на градба.

Површина за градење е дел од градежната парцела ограничен со градежна линија.

Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега без прекин низ две или повеќе соседни градежни парцели.

Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба.

Доколку во урбанистички план утврдената површина за градење во една градежна парцела не ја опфаќа постојната градба во парцелата, искористувањето на правото на градење на планираната градба е условено со рушење и отстранување на постојната градба.

Доколку површината за градење од став 1 од овој член опфаќа повеќе од 50% од површината на основата на приземниот спрат на постојната градба во парцелата, и доколку вклопувањето на постојната градба во новопланираната градба е можно и пожелно, во урбанистичкиот план може искористувањето на правото за градење да не е условено со рушење и отстранување на постојната градба.

**7.13.** Површина за градење како планска одредба во ДУП ќе се употребува на следниов начин:

- Во урбани подрачја со густа градба површината за градење е вообичаено целосно искористена за градење така што соодветствува со површината на основата на планираната градба,

- При планирање на површини за градење за групата на класи на намени А во урбанистички план квалитетот на домувањето на идните градби зависи од длабочината на површината за градење која го одредува степенот на природна осветленост и проветреност на становите, поради што:

- најквалитетно домување се постигнува во градби со двострано ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 9,00 до 12,00 м,

- помалку квалитетно домување се постигнува во градби со двострано ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 12,00 до 14,00 м,

- домување од уште понизок квалитет се постигнува во градби со едностранo ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 14,00 до 18,00 м,

- домување од неприфатливо низок квалитет се постигнува во градби со едностарно ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока над 18,00 м.

**7.14.** Диспозиција на површина за градење во градежната парцела и нејзино растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење, односно од начинот на групирање на градбите.

**7.15.** При калканско спојување на соседни градби, во ДУП-от, се предвидува и калканско спојување на второстепена пластика.

**7.16.** Оградите на парцелите да бидат усогласени со архитектурата на објектите. Оградата може да има максимална висина од 2,40 метри, со можност за ѕидан дел со висина од мах. 1.80 метри може да биде полна, а над таа висина транспарентна.

**7.17.** Оградите се поставуваат во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите, од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор.

**7.18.** Процент на изграденост на земјиштето, (Р), е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежно земјиште е зафатен со градба. Процент на изграденост на земјиште се пресметува како однос помеѓу површината за градење и вкупната површина на градежното земјиште. Кога се пресметува за градежна парцела, се зема површината зафатена со градба и површина на градежна парцела.

**7.19.** Коефициент на искористеност (К), на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежно земјиште. Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето во урбанистички план се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште.

**7.20.** Бројот на потребните паркинг и гаражни места и димензионирањето на истите се пресметува споредадените нормативи:

Најмало паркинг место за паркирање на лесни возила за јавни паркинг простори и за сите намени, е со широчина од 2,50 м и должина 5,00 м, освен зграда за домување до 10 стана, при што во оваа површина не може да навлегува ниту еден дел од градбата, опремата или инсталациите.

Паркинг местата од ставот кај кои од едната или обете подолжни страни има ѕид, столб или друг вертикален градежен елемент, ограда или опрема, се прошируваат за 0,30 м од страната на вертикалниот градежен елемент, при што кога градежниот елемент е од едната страна паркинг местото се проширува за 0,30 м, додека ако градежен елемент има од двете страни на паркинг местото, тоа се проширува за уште 0,20 м. Ова важи доколку градежните елементи се наоѓаат во првата половина од длабочината на паркинг местото (2,50 м од пристапната површина кон паркингот), а доколку градежните елементи се во зоната на втората половина од длабочината, најмалите димензии на паркинг местото остануваат.

Димензиите на паркинг местото важат за паркирање под агол од 90 степени и тоа доколку широчината на пристапната комуникација до паркинг местото е поголема од 6,00 м. Доколку пристапната комуникација е широка од 5,60 до 6,00 м, паркинг местото се проширува за 0,30 м и изнесува 2,80 м.

Минималната широчина на комуникацијата за пристап до паркинг место за паркирање под агол од 90 степени е 5,60 м.

Минимални димензии на паркинг место за градежни парцели наменети за домување во градби до 10 стана е 2,40 м со 4,80 м, додека најмала широчина на пристапната комуникација до паркинг местото е 4,80 м, но овие две најмали вредности за широчина на паркинг местото и за пристапната комуникација не можат да се предвидуваат заедно истовремено за исто паркиралиште, туку употребата на едната минимална вредност повлекува употреба на поголема вредност на другата.

Минимални димензии за гаража за лесни возила е 3,00 м широчина и 6,00 м длабочина, сметајќи го светлиот простор помеѓу ѕидовите.

Површината за паркирање со пристап на едно патничко моторно возило со 4+1

седишта треба да изнесува од 25 до 35 м$^2$.

Површината за паркирање на велосипед треба да изнесува од 1,10 до 1,50 м$^2$.

Минималните димензии се применуваат при пресметувањето на потребниот број на паркинг места во процесот на изработување и спроведување на урбанистички план и урбанистички проект.

Начинот за пресметување на потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување осносно за:

**А1 и А2 - Домување**

зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн,

**В5.2 – Џамија**

1 паркинг место на 40м2 од вкупната површина

**Д – Зеленило, рекреација и меморијални простори**

Потребниот број на паркинг места се утврдува во урбанистички план во зависност од начинот на употреба, бројот и структурата на посетители, специфичните потреби и услови на локацијата.

Минималниот број на паркинг места за велосипеди за планираните намени на земјиштето и градбите се определува на следниот начин:

**А1 и А2 – Домување во станбени куќи и згради**

За станбени куќи од класата на намени А1 потребниот број на паркинг места за велосипеди се утврдува во урбанистички план во зависност од локалните услови и потребите на градбата

За станбени згради од класата на намени А2 препорачано е најмалку едно паркинг место за велосипеди по станбена единица (стан), но потребниот број на паркинг места се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичани, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

**В – Јавни дејности и институции**

Потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план врз основа на препорачаниот стандард од 1 паркинг место на секои 10 вработени и/или на секои 10 корисници на институцијата, но отребниот број на паркинг места се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичани, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

**Д – Зеленило, рекреација и меморијални простори**

Потребниот број на паркинг места за велосипеди се утврдува со одлука на советот на локалната самоуправа врз основа на потребите на локалната заедница.

При планирањето на паркиралишта во урбанистички планови се предвидува потребен број на паркинг места за посетителите и корисниците на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува од 10 - 30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежните парцели, а кои се планираат на земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши

во рамки на програмата за уредување на градежното земјиште. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди со планска документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓаат градбите.

**7.21.** Проблемот на стационарниот сообраќај ќе се решава во рамките на сопствената градежна парцела со почитување на потребниот број на паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

**7.22.** Улиците во планскиот опфат спаѓаат во примарна и секундарна улична мрежа на улици и тоа:

- собирна улица – примарна улична мрежа
- сервисни улици – секундарна улична мрежа
- станбени улици – секундарна улична мрежа

